# Белешки
# од јавната расправа на Националниот совет за евроинтеграции
# по Предлог на законот
# за изменување и дополнување на Законот за спречување на судир на интереси

Јавната расправа се одржа во Собранието на Република Македонија, сала Борис Трајковски, со почетокот во 11,15 часот.

Јавната расправа ја отвори и со неа претседаваше Силвана Бонева, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Силвана Бонева:**

Предлгам да почнеме со работа со оглед дека имаме доволен број на членови на Националниот совет.

Добредојде за сите наши гости, за почитуваната ексленција, амбасадорот на Република Словенија, добредојде на престедателката на Комисијата за антикорупција, добредојде за сите претставници на невалдините организации, на синдикатот и претставници на меѓународните организации.

Задоволство ми е што денес е последен ден за работа Националниот совет за евроинтеграции, последен ден со јавна расправа која што ќе го заокружи овој циклус на јавни расправи кои што ги организираше Националниот совет за евроинтеграции, а кои што се дел од нашата утврдена агенда како Националниот совет и еден од законите за коишто требаше да се одржи јавна расправа е и денешниот закон , петти закон по ред за кој што одржуваме јавна расправа, тоа е законот за судир на интереси.

Без оглед на тоа што во собраниска процудара во првото читање помина Законот за судир на интереси, меѓутоа мислам дека денешната расправа ќе биде една прекрасна можност да се каже кажат сите забелешки, мислења по однос на законот не само од колегите пратениц, кои што исто така ги поздравувам иако поголем дел не се членови на Националниот совет за евроинтеграции, го поздравувам нивниот интерес да дојдат на денешната расправа и да слушнат многу повеќе, не само ставовите и мислењата на политичките партии, туку да ги слушнеме мислењата на сите други кои што денеска не почестија со нивното присуство. Тоа многу повеќе ќе ни значи и ќе придонесе многу во втората фазана читање на законот да можат да се

обликуваат амандмани кои што ќе значат подобрување на текстот на законот за судир на интереси.

На самиот почеток морам да ве известам дека на материјалите  за пријавување на дискусија веќе се дадени помеѓу вас. Сите оние кои што се заинтерсирани за дискусија да се пријават и за да нема забуна кој прв го дал листот за пријавување, морам да кажам дека еднистивен  пратеник кој што однапред   се има пријавано е колегата Јани Макрадули, а сите други онака како што ќе пристигнуваат овде формуларите така ќе бидат повикувани за да земат збор.

На самиот почетокот сакам да го поздравам присуството на потпретседателот на Владата задолжен за евроинтеграции, госпдинот Васко Наумовски и постојаната наша придружба за законите кои Што ги имаме на јавна расправа во Националниот совет за евроинтеграции, а тоа нашиот министер за правда господинот Михајло Маневски.

На почетокот му давам збор на министерот Маневески, да се обрати и да даде образложение по законот.

**Михалјо Маневски**:

Благодарам почитувана потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции, почитуван заменик претседател на Владата, екселенцијо, почитувани дами и господа, престседателот на Државната Комисија, дами и господа пратеници, претставници од невладини и други органи  и организации.

Значи, ова е петти закон како што напомна и потпретседателот на Националниот совет за евроинтеграции, а овој е четврти закон кој што е подготвен од Министерството за правда по кој се води јавна расправа во оваа сала. Министерството за правда и Владата на Република Македонија исклучително позитивно ги оценува јавните расправи што се однесуваат до значајни законски проекти е поради тоа што со учестовото на повеќе членови на различни  органи и тела се доаѓа до подобри мислења, сугестии и предлози за конечното утврдување  на текстовите на законите. Така беше и со Кривичниот законик, Законот за кривична постапка, Законот за бесплатан помош и денес е на дневен ред е законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на судир на интереси.

Поимот судир на  интереси во Република Македонија е регулиран во повеќе закони, меѓутоа со Законот за спречување на судир на интереси и со Законот за спречување на корупцијата практично се заокружи една правна рамка која ги регулира овие многу значајни праШања. Тоа се практично

закони кои што ги регулираат овластувањта надлежностите, должностите, одговорностите што се однесуваат и на за спречување на судир на интересите и заслување на интергиртетот и свесноста на вршењето на јавните овластувања на должности.

Законот за спречување на судир на интереси е донесен 2007 година. Подготовката за донесување на овој закон беше две три години, многу долго се работеше на донесување на овој закон и во изминатите две години законот одигра една позитивна улога во регулирањето на едно значајно прашање, како што спречувањето на судир на интереси, но истовремено се покажаа и детектираа определени нејаснотии или непрецизности кои што треба да бидат уредени со кои што законот треба да биде надграден со решенија кои што ги наложува и пратктиката и регулативата што се однесува до оваа област.

Значи, пред да пристапиме на изменување и дополнување на законот користена е експертска подршка од ТАКС експерт кој што беше конслутиран на почетокот на мај 2009 година. Според негово мислење Република Македонија има донесено еден од најпригресивите закони кој ја дефинира и регулира активноста на јавните овластувања и должности кога е присутен одреден судир на интереси. Таквиот обид ги следи праткитиките на земјите членки на Европската Унија и ја прави Република Македонија како претходник во делот на антикорупциската легислативна рамка.

Препораките на ексертот се однесуваат на неколку прашања.

Тоа е проширувањето на надлежноста на Државната Комисија за спречување на корупцијата. Во профилирањето на ризикот при изборот и прогласувањето на конфликт на интереси кои ја спроведува таа постапка.

Потоа заслувањето на санкциите и мерките за спречување на судир на интереси.

Трета одредница е позитивно стимулирање на службените лица за постоењето на судирот на интереси.

Четврто утврдување на постапка за судир на интереси правно регулирање на заштита на службените лица пред надлежниот орган или суд и

Петта одредница обезбедување на стандардна форма преку која службените лица го пријавуваат судирот на интереси.

Значи, пред да пристапиме кон измена на овој закон ги имавме во предвид акциониот план за спроведување на државната програма за превенција и за намалување на појавата на судирот на интереси и мерките предвидени во измената на законот каде што препорачува со определени

прецизирања определни надоградби на законот заради појасни решенија во Законот за спречување на судир на интереси, а исто така го имавме во предвид извештајот на Сигма, оценската мисија одржана во мај 2008 година со која беше препорачано како генерален заклучок дека квалитетот на законот треба да биде подобрен во разбирањето на одредбите и ојаснувањето на неговиот опфат.

Тргнувајќи и од досегашните искуства од примената на законот, од акциониот план на државата - програма за превенција и намалувањето на појавата судирот на интереси, како еден од стлобовите, тргнувајќи од експертската помош на ТАЕКС и на извештајот на Сигма се предложија овие измени во Законот за спречување на судир на интереси.

Во членот 2 јасно е определна целта на законот, а целта  на законот е дасе обезбеди спречување на злоупотреба на јавните овалстување и должности на службеното лице за остватрување на користољубиви цели за себе или за блиски лица, и да се обезбеди спречување на можноста приватниот интерес на службеното  лице да го загрозува јавниот интерес. Значи, секогаш доминантна положба има јавниот интерес наспроти одреден приватен интерес и токму поради тоа целта на законот  е дефинирана на ваков начин во членот 2.

Во членот 2 се уредуваат значењето на изразите, се дефинира судирот на интереси. Под судир на интереси се подразбира согласно членот 3 став 3 алинеја 1,  под судир на интереси се подразбира судирот на  јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице во кое службеното лице има интерес што влијае или што би можел да влијае врз извршувањето на неговите јавни овластувња и должности.

Се дефинира поимот на јавни овластувања и должности, а тоа се остварување на работи од јавен интерес под еднакви услови во материјална или нематеријална смисла, се дифинираат работите од јавен карактер, тоа се јавни овластувња и должности како и се определува што е тоа подарок. Во смисла на законот тоа подразбира, пари, хартии од вредност, вредни предмети или права или дрго за службеното лице за вршењето односно невршењето на јавните овластувања и должности Законот за спречување на судир на интереси во алинеја 7 се додава нова алинеја која определува еден нов, до сега непознат во нашето законодавстово, ниту пак  Законот за спречување на судир на интереси. Тоа изјава за спречување на судир на интереси, спречување на судир на интереси во смилсла на овој закон се

подразбира изјава на службеното лице која содржи и податоци за неговите лични и приватни интереси во вршењето на јавните овластувања и должности.

Исто така законот во ставот 2 го определува поимот на службеното лице. Значи, под службено лице се подразбира претседателот на Република Македонија, пратениците, градоначлниците, амбасадорите и другите именувани лица овде и во Владата на Република Македонија и во Собранието на Република Македонија, органите на државната управа, органите на државната власт, органите на судската власт, јавните препријатија и другите установи и други правни лица на централно и локално ниво, државните службеници и лицата со посебни овластувања утврдени со закон.

Значи, законот тргнува од тоа да ги оневозможи појавата на судир на интереси и токму поради тоа во членот 5 е вградено едно решение со кое се предвидува обврска на службеното лице пред стапувањето на вршењето на јавни овластувања или пред стекнување на статусот на државен службеник утврдени со овој закон, ако е сопственик или управува со трговско друштво за време на вршење на јавните овластувања должен е тоа да го пренесе или да го довери на друго лице или на посебно тело. Но, законот предвудува едно органучување да тоа да не можат да бидат блиски лица а под бликси лица законот ги опредлува брачниот, вонбрачниот другар, брат, сестра итн., значи, тие сродници по крв во права линија.

Понатаму, законот ги уредува, се разбира тргнувајќи од практиката, кога препишува определени ограничувања за службеното лицце во опредлен временски период да не може да врши определени работи во трговско друштво или да врши определени јавни овластувања или должности па така е определено во членот 9 дека службеното лице во рок од една година по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности и ако им определени укажувања во одреден рок од една година да биде многу поголем, да биде повеќе од една година, да биде две или три години. Значи тоа се и дискусиите што се водат со овој закон, односно по престанокот на на вработувањето не може да се вработи тговско друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено било каков однос при вршењето на јавните овластувања или должности.

Втората работа се однесува на стекнување на акции и удели. Значи службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластување и должности по престанокот на овластувањето да се

стекнат по било кој основ со удели и акции во која работел во која вршел определен надзор. И во ставот 3 е предвидено ако се утврди дека сепак службеното се стекнало со определни удели или акции по пат на наследување, законот создава обрвска тоа да го пријави на Државната комисија за спречување на корупцијата. И во ставот 4 е предивидена обврска на службено лице во рок од две години по престанвућето на изршувањето на јавните функции овластувања или должности или престанувањето на вработувањето да не може да врши застапување на физичко или правно лице во органот во кој претходно работел ако учествувал во донесување на одлука во еден конкретен предмет.

Понатаму законот го уредува праШањето за тоа дека службените лица не можат да бидат членови на управни одбори или на надзорни одбори или трговско друштво, а по исклучок само државен службеник и лице со посебни должности и овластувања може да бидат член на управен одбор во трговско друштво. Тоа е значи делот што се однесува до функциите до ограничувањата што ги препишува законот, меѓутоа во ставот 2 во членот 14 се говори дека службеното лице може да биде член на управен одбор или на надзорни органи на нерпофитни организации, на здруженија на граѓани, на фондации кои изврушуваат научни и културни, спортски, хуманнитарни и други слични дејности но без право на надомест само со право за надомест на патените трошоци кои што ги чини во врска со вршењето на тие членувања во тие управни одбори во тие непрофитни организации. Тоа е едно од исклучоците што го направило заради тоа секако дека е корисно и за државата, корисно е и за тие органи и организации, невладини и неприфитни организации и здруженија каде што службените лица можат да учествуваат во управните одбори но без право на било каков надомест.

Она што е новина во законот тоа е изјава за интереси. Значи се внесува во законот поимот изјава на интереси. Значи службеното лице при преземањето на врШењето на јавните овластувања во рок од 30 дена да поднесе изјава за постоење и ли не постоење на судир на интереси до Државната Комисијата за спречување на корупцијата. Значи ова е едно слично решание како што го има Законот за спречување на корупцијата одредбата која пропишува дека функционерот, избраното или именуваното лице е должно да ја пријави неговата имотна состојба во рок од 30 дена до Државната Комисијата за спречување на корупцијата и како што пропишува тој закон истовремено и до УЈП. Значи сега се создава оваа обврска на

службените лица да поднесат изјава за интереси во рок од 30 дена од преземањето или вршењето на јавните овластувања или должности. Тоа се однесува исто така и за државните службеници и тие по стекнување на статусот на државен службеник или на лицата со посебни потреби и утврдени со Законот по вработувањето се исто така должни во рок од 30 дена да поднесат изјава за постоење односно за непостоење на судир на интереси и тие таа изјава ќе ја доставуваат до органот во кој тие се вработени.

Понатаму законот во членот 20-в пропишува дека ако за време на вршењето на јавните овластувања или должности службеното лице дојде во одредена состојба на судир на интереси законот создава обрвска во рок од 30 дена тоа да го пријави на Државната Комисијата за спречување на корупцијата. Формата и содржината на овие обрасци ќе ги пропишува Државната Комисијата за спречување на корупцијата.

Значи, понатаму законот се уредува по постапката на Законот за спречување на судир на интереси. Тоа е во надлежност на Државната Комисијата за спречување на корупцијата која постапка се спроведува во начелата на законите од доверливост, објективност и непристрасност. Значи постапката може да се поведе по службена должност, значи по барање на службено лице, врз основа на пријава на друго лице или на функционерот кој раководи со органот.

Значи понатаму во одредбите во членот 17 со кој се менува членот 22 од законот се уредува начинот на водењето на постапката. Значи законот создава обрвска на сите субјекти до кој ќе се обрати Државната Комисијата за спречување на корупцијата, се должни на Државната Комисијата за спречување на корупцијата да ги достават сите податоци. Значи таа мора да има податоци, таа мора да биде обезбедена со проверка на тие податоци, но сите субјекти до кои таа ќе се обрати се должни тоа да го сторат и да постапат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, Државната Комисијата за спречување на корупцијата е должна да донесе одлука во врска со постоењето или непостоењето на судир на интереси во рок од 30 дена од произнесувањето на субјектите од претходниот став.

Значи понатаму во членот 18 со кој се менува членот 23 од законот ако Државната Комисијата за спречување на корупцијата констатира постоење судир на интереси должна е да ги извести службеното лице и да побара од него во рок од 15 дена од доставуњето на одлуката да го отстрани судирот на интереси. Ако членува во некој Управен одбор да даде изјава дека не

членува, да даде изјава дека се отакужа  од тоа членство итн. значи да даде изјава дека го отстранил судирот на интереси. Ако службеното лице постапи по укажувањето на Државната Комисијата за спречување на корупцијата тогаш се запира постапката по тој предмет, меѓутоа ако службеното лице не постапи по укажувањата на Државната Комисијата за спречување на корупцијата тогаш Државната Комисијата за спречување на корупцијата може донесе една од мерките што ги пропишува законот, значи може на службеното лице даму изрече мерка јавна опомена.

02/1.- СС /ЕД

**Михајло Маневски: (продолжение)**

Но понатаму, како што пропишува законот, во постапката што ја води Државната комисија, ако на службеното лице му е изречена јавна опомена, меѓутоа и покрај тоа во рок од 15 дена не ги преземе дејствијата за кои што е должно, согласно укажувањата на Државната комисија за спречување на корупцијата, тогаш Државната комисија за спречување на корупцијата ќе покрене постапка, ќе покрене иницијатива за престанок на вршење на јавните овластувања, односно иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

Законот утврдува кои мерки може да ги изрече Државната комисија за спречување на корупцијат, а тоа се мерките јавна опомена, иницијатива за разрешување на вршењето на јавни овластувања и иницијатива за поведување дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престап.

Понатаму, законот ги создава овие обврски, ја пропишува постапката, ги определува надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, обврските на службеното лице, начинот на неговото постапување и сега на крајот законот пропишува одредени прекршочни одредби, доколку не се постапи согласно укажувањата на Државната комисија или не се достават бараните известувања на Државната комисија за спречување на корупцијата или Државната комисија за спречување на корупцијата или ако не се постапи согласно укажувањата од членот 20-а и 20-б, а видовме ако тие не се достават, изјавите за судирот на интереси, пропишана е глоба од 3-5 илјади евра, од 1000 евра до 3000 евра, зависно од тоа за каков прекршок се работи.

Сакам да го свртам вашето внимание и на преодните одредби од законот. Имено, подзаконскиот акт од членот 20-г, тоа е изјавата за судир

на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ќе го пропише во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на законот.

Понатаму, во преодната одредба на законот е пропишана обврска на сите службени лица, се задолжуваат службените лица, во смисла на овој закон, да достават изјава за судир на интереси во рок од 3 месеци од денот на донесувањето на актот од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата. Тоа е една од одредбите што пропишува дека воведувањето на изјава за судир на интереси во системот, сето ова е во функција на спречувањето на судирот на интереси и во функција на спречувањето на корупцијата, за стеснување на просторот и за судир на интереси и за одредени корруптивни однесувања. Мислам дека со оваа надоградба на законот, се надевам дека и оваа денешна расправа ќе даде корисни идеи, предлози, сугестии, заради тоа што се работи за еден значаен закон што треба да биде надограден со овие решенија и со сугестиите на кои што ќе ви бидам благодарен а што ќе ги дадете во расправата.

**Силвана Бонева:**

Ви благодариме господине министре на вашето сеопфатно елаборирање на потребата од носење на законот.

Сега му давам збор на потпретседателот на Владата за европски прашања.

Повелете господине Васко Наумовски.

**Васко Наумовски:**

Благодарам госпоѓо Бонева.

Благодарам за поканата да учествувам на денешната седница.

Секако, тема на оваа расправа денес е Законот за спречување на судир на интереси. Се однесува на една мошне значајна тема за нашата држава, што е еден од клучните приоритети со кои што се соочуваме во изминатите неколку години. Секој закон што придонесува да се зајакне борбата против корупцијата е секако за поздравување.

Во измените на овој закон се предвидени, со одредниците што на Република Македонија и се поставени како цел за добивање на датум за почеток на преговорите со Европската унија, овие измени на Законот беа спомнати и од Комесарот Рен при неговата неодамнешна посета на Република Македонија. Секако, измените на законите, на овој и на сите други закони не се прават само со цел да се исполнат условите за почеток на преговорите, туку затоа што тие суштински ќе придонесат кон

подобрување на стандардите на Република Македонија, конкретно и овој закон во зајакнување во борбата против корупцијата.

Како што спомна министерот, измените се препорака од Европската комисија, но тука се вклучени поконкретно и експертите на СИГМА што ги следат случувањата во Република Македонија во оваа област на годишно ниво. Тие се вклучени во законските измени на некои други закони и ние исклучително ја цениме нивната поддршка во целиот процес. Исто така, беа вклучени и експерти од Европската унија, преку инструментот ТАЕКС, како и останати консултанти и блиска соработка со Делегацијата не Европската комисија што редовно не известуваше за нивните забелешки. Тие се вградени во Предлогот на законот.

Главната новина се однесува на зголемување на опфатот на Законот во однос на државните службеници и лицата со посебни должности и овластувања, со што се воспоставува поконзистентен пристап кон овие лица.

Втората значајна новина е проширувањето на ограничувањата за службеното лице по напуштањето на должноста.

Исто така, Предлогот на измените воведуваат прекршочни одредби што ќе придонесат кон избегнување на конфликтот на интереси, што е и општа цел на овој закон.

Исто како и министерот и јас се надевам дека од денешната јавна расправа ќе произлезат конструктивни забелешки што би можеле полесно да бидат вклучени и во законскиот текст, секако сите оние забелешки што ќе придонесат за зајакнување на борбата против корупцијата и спречувањето на судир на интереси, што се дел од нашите приоритети во однос на приближувањето кон Европската унија. Благодарам.

**Силвана Бонева:** Ви благодариме господине Наумовски.

Од воведните излагање на министерот и на потпретседателот на Владата, од нивните сеопфатни елаборирања на потребата од измени и дополнувања на Законот за судир на интереси, јасно можете да слушнеме дека тоа е направено претходно врз сеопфатна анализа од наша страна, потоа оваа анализаа исто така е дадена на експертите од Европската унија, со помош на експертите од ТАЕКС и СИГМА. Дообликуван е овој закон што е предложен пред нас.

Се надевам дека денеска ќе имаме плодна и успешна работа, ќе имаме многу сугестии и забелешки, како што впрочем тоа можевме да го

слушнеме и за време на јавната расправата. Денеска очекувам нешто повеќе, конкретни забелешки, конкретни предлози што ќе значат подобрување на законскиот текст и ќе им помогне на пратениците во втората фаза од носењето на законот, да го подобриме ова законско решение.

Сега му давам збор на колегата Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:**

Благодарам претседавач, почитувани претставници од Владата, екселенцијо, гости, колешки и колеги пратеници,

Иако првото читање помина на Собранието, сакам да ја поздравам јавната расправа во која што ќе продебатираме за едно од, не би рекол јас критиериумите за влегување на Македонија во Европската унија, туку за обидот за решавање на едно од најголемите зла што постојат во едно општества, а тоа е корупцијата, непотизмот, протекцијата и сето она што влегува во таа сфера.

Втора, сакам да поздравам дел од амандманите што во 2007 година ги поднесовме. Тогаш беа одбиени од страна на Владата, сега се вградени во законот, со тоа, освен сатисфакција на пратеничката група, се надеваме дека и во пракса ќе бидат истите и реализирани и спроведени во рамките на овој закон.

Зошто велам во пракса, затоа што не е тајна дека, прво, овој закон ни треба за нашиот пат кон Европската унија, но нам ни треба закон што ќе се спроведува во Република Македонија, закон со кого што ќе ги решаваме и ќе се бориме против корупцијата во нашата држава. Да имаме идеален закон не помата ако немаме политичка волја. Добро ќе беше, Владата кога го предлагаше овој закон да ги повлече сите случаеви на судир на интереси за кои што и Државната комисија за спречување на корупцијата ги кажа, добро ќе беше како политичка волја претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата да се откаже од дел на своите функции што ги има и со тоа јасно да демонстрираат дека се спремни и решени со јасна политичка волја да покаже дека законот е едно, но волјата да се бориме против ова е да се справуваме е нешто сосема друго.

Нјадобро ќе беше, сите оние примери на судир на интереси што се знаат во Република Македонија, практично беа разрешени на седница на Влада, на онаа историска седница на 21-ви кога Владата, веројатно усвои едно 50 закони, за да ја поправи сликата за Македонија.

Бидејќи во Република Македонија живееме и два дена пред Рен да дојде и два дена откако господинот Рен ќе си отиде. Тука треба да се бориме против корупцијата, за ситуациите во судството итн. Тоа е амбиентот во кој што го носиме.

Според мене, целта да, тоа што го кажа вице премиерот Наумовски, да исполниме една од одредниците, но за мене целта на овој закон е многу повеќе да се решиме или да се бориме со едно од најголемите зла што постои, реков во едно општество, тоа е сите форми на корупција.

Сакам да отворам три дилеми во однос на предложениот закон и тоа:

Го поздравувам тоа што државните службеници се дел од, по Препораката на ГРЕКО, се влезени во ова законско решение, но тука ја отворам првата дилема. А тоа е, во Република Македонија, за жал квалитетните и добри државни службеници не си ја работат работата не од што не сакаат, затоа што никој не им ја дава. Тие се најчесто седнати во некои ќошеви, 7 државни службеници седат на една маса, на половина компјутер, или веројатно му фали тастатура или му фали глушец. Оние што реално ја имаат моќта во администрацијата се луѓето кои се примени со агенциите за привремени вработувања. Или, според Државниот завод за ревизија, да не користиме паушални податоци, Државниот завод за ревизија за 2007 година, на пример, кажува дека повеќе од 40% од лицата кои извршуваат работни задачи во Генералниот секретаријат се ангажирани преку Агенција за привремени вработувања.

Законот за државни службеници не се однесува на лицата ангажирани преку Агенцијата за привремени вработувања и со тоа се остави простор за субјективно одлучување и не се обезбедува фер конкуренција.

Во Генералниот секретаријат се пополнети 138, а пред Агенцијата за привремени вработувања ангажирани се 107 лица, од кои 29 се ангажирани кај премиерот, 36 кај претседателот и министрите без ресор, а 42 лица во интернет клубовите.

Од друга страна Државниот завод за ревизија за Министерството за транспорт и врски вели дека повеќето од одлуките, оние за парцели, оние за делење на земјиште или за интернет клубовите ги потпишувале лица кои не се државни службеници. Или, тоа со убави зборови, ГРЕКО, институцијата што претпоставуваме дека треба да ја почитуваме, вели - ГРЕКО препорача да се разгледа воспоставувањето на регулативна рамка на модерни административни принципи за голем број на јавни службеници

кои не се државни службеници, а што ќе соодветствува до степен на она што е возможен на она што го прават државните службеници.

Затоа ние мораме да најдеме механизам. Судирот на интереси не го прават државните службеници кои си ја граделе својата кариера со стручност и компетентност. Судирот на интереси го прават партиските војници што се примени, по наодите на државната ревизија избрана од ова парламентарно мнозинство, на врат-на нос и тука мораме да најдеме механизам. Дали во второто читање ќе се изнајде некое решение, но мислам дека тоа мораме да го направиме.

Втора точка од предложениот закон, што мислам дека треба да го разгледаме, тоа е она за што цела јавност зборуваше, членот 18 каде што службеното лице се ограничува да не биде дел на едно трговско друштво. Дали пратеникот е директор на некое трговско друштво или не е една работа. Она што е пострашно, што државните службеници се членови на 7 управни одбори.

Државниот секретар на министерот за финансии е член на 7 управни одбори. Шефот на министерот за транспорт, е претседател на Комисијата за доделување на земјиште. Да не зборувам за луѓето од Министерството за финансии, што во исто време е и на Агенцијата на управен одбор за осигурување и на, замислете, на електронски комуникации.

Имаме десетина миленичиња на структурата што реално владее во Владата, што се членови и со тоа се наградува нивната лојалност што се во 5 - 6 управни одбори. И мора во решението да стои дека службеното лице не може да биде на управните одбори на државните институции. Да го тргнеме тоа трговските друштва. Или да го ставиме покрај тоа, да го тргнеме на страна. Тоа е, според мене, клучната политичка волја во законски преточена, што треба да ја демонстрира Парламентот или Владата, во измените на второто читање.

Да не биде потоа имплементацијата на нула. Значи и јавноста занае, колку примери да дадам, за да не го губам времето на оваа дебата, сите ги знаеме примерите. Ние имаме случаи каде што беше објавено дека градоначалникот на Шуто Оризари во исто време е и директор на својата фирма. Иако по законот за локална самоуправа тоа не важи. И што?

Затоа во третиот сегмент или, еве да му препорачам на претседателот, ако смеам од ова место, на претседателот Ѓорѓе Иванов, за да не се извинува втор пат, нека размисли за едно решение за амбасадор

што сака да го стави. Има класичен судир на интереси. Господинот Миле Манолев не може да биде потпишан од господинот Ѓорѓе Иванов. Тоа е класичен судир на интереси. За да не се извинува, од ова место, ја користам јавната дебата да апелирам да размисли дали е тоа решение согласно, да не се брука, како што го направи тоа со господинот Арнаудов.

И третата работа, според мене, а тоа што невладините организаци, а и странските организации и меѓународни организации што ја оценуваат борбата против корупција во Република Македонија вели дека нашето тело што се занимава со борбата против ова зло е делумно самостојно.

И, според мене Државната комисија за спречување на корупцијата, според 70% на луѓе во Македонија, освен оние кои не се членови на ВМРО ДПМНЕ, сметаат дека Државната комисија за спречување на корупцијата не си ја работи работата. Замислете, за тоа што државниот секретар на министерот за финансии член на 7 управни одбори, одговорот беше комплексно прашање. Што е комплексно прашање, во Службен весник ги пишува сите. Што комплексно прашање?! И таму да не има некоја печатна грешка.. Не. Тоа не е комплексно прашање.

Затоа, според мене, овде во Законот за спречување на судир на интереси, во казнените одредби, тоа е мојот последен предлог, мора да има казнени одредби за Државната комисија за спречување на корупцијата. Ако не, значи, имаме ситуација ако службено лице, после завршувањето на мандатот се вработи на местото ќе го казниме со 500 евра. А тој таму ќе направи милиони во меѓувреме.

Има казна за правното лице. Има прекршок за службеното лице. Ама, кадее Државната комисија за спречување на корупцијата што не си ја врши работата? Значи, мора овде да има оредба ако не постапува согласно членовите што се претходно дадени. А тоа значи да не биде ној со главата во песок и да не знае што се случува во Република Македонија, а настаните си поминуваат.

Сметам, за да го поправиме она што во Европската комисија е напишано дека судирот на интереси содржи празнини, посебно во смисла на тоа што не важи за државните службеници, покрај законското вметнување во законот, мора да бидат вметнати, да се најде решение за лицата кои се примени од Агенцијата за привремено вработување.

Второ, мора да биде забрането членувањето во управните одбори, во сите оние управни одбори што ги назначува Владата и Собранието и

Трето, мора да има прекршочни одредби и за Државната комисија за спречување на корупцијата. Инаку нема никаква обврска, политичка волја нема, тоа го заклучивме досега од нивната работа.

в **Јани Макрадули: (продолжение)**

Инаку, нема никаква обврска политичка волја немаат, тоа го заклучивме досега од нивната работа, затоа мора да има казнени одреби, за да може некој да си покрене постапка кога во Република Македонија ќе почне да владее правото и да се почитуваат законите. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодарам господине Макрадули.

Вашите укажувања дека пред да се донесе законот, треба да се има политичка волја за спроведување на законот, се согласувам дека е така и верувам дека самиот факт што се прават вакви сериозни промени на законот, значи сигнал дека има политичка волја да се прави тоа.

Вашата забелешка на членот 18 дека мора во решението да се стави дека службените лица во управните одбори кои се назначуваат од страна на Владата и Собранието, исто така и во надзорните одбори да не бидат членови, а не само во трговските претпријатија. Благодарам за дискусијата.

Сега збор и даваме на госпоѓата Мирјана Димовска, од Државната комисија за спречување на корупцијата, повелете.

**Мирјана Димовска:**

Почитувани господа министри, почитуван премиер, министер за правда, господа пратеници и пратенички, пристуни гости, учесници на оваа расправа.

Државната комисија за спречување на корупцијата, судирот на интереси го третира целосно во рамките на својата надлежност, како од аспект на превентива, превентивно работење, учество во подобрување на нормативната рамка, така и од аспект на практична примена на законот во конкретниот случај има судир на интереси и тука имаме единствено однесување. Таа практика, за цело време додека постои Закон за спречување на корупцијата, од 2002 година, институтот судир на интереси е присутен, а како лекс специјалис од пред две години, што значи имаме една практика од пред две години, многу интезивна, во која ние согледавме дека реално можеме да направиме подобар закон, по применлив, ќе нагласам повторно и оттаму, со задоволство учествуваме во целиот овој процес, кога се решивме практично

да ги отвориме измените на законот. Сме заинтересирани за подобар закон, како од стручен аспект, така и од неговата пред се, ефикасност.

Државната комисија како што е познато донесе државна програма за планирање на процесите на овој план, согласно со надлежностите, а имаме редок документ, плод на која е водичот за управување со државните интереси, кои се дели и во рамките на нашите обуки што ги држиме и е на располагање на секој кој сака да го користи како свое помагало на македонски, на албански и англиски јазик.

Морам да кажам дека во подготовката на програмата и на водичот, Државната комисија, впрочем, како за цело време има високи партнерства, респективни, експертски партиципации и во областа на корупцијата и судирот на интереси. Така минатата година ја работевме програмата со учество на владини експерти од САД, Велика Британија, а министерот ги спомна и институциите, чии ставови апсолутно ги вклопуваме, ги респектираме, ги дебатираме и оттаму, јас мислам дека се работи за еден многу богат процес на подготовка на подобри закони, се разбира, за да постигнеме подобра кондиција целосно во оваа земја за борба против една од појавните форми на корупцијата. Морам да кажам дека во почетокот на јуни Државната комисија, подготви и работи на еден работен текст, сакајќи и овој пат да биде ажурна за исполнувањето на 8-те одредници за нашето пристапување кон Европската унија, тоа е петтата одредница. Во еден дел значи измена на законот. Значи, подготвивме работен текст и со кој ќе учествуваме во процесот и ќе изразам едоно големо задоволство од оваа дебата, помина првото читање, но за нас нема дилема се додека законот е во процедура можеме да го напрвиме подобар. Оттаму, нашите сугестии ќе инсистираме така да бидат сфатени, респектирајќи ја позицијата на секој учесник во процесот на носење на законите, во случајот реформи на надлежните ограни.

Реков дека дадовме повеќе сугестии и мислења, а денеска ќе искажам само некои на кои сакам да го свртиме вниманието на оваа дебата, затоа Што се многу интересни и мислам дека можат да предизвикат и наша цел е да одиме до таму со измените на законот.

Првенствено, околку дефиницијата. Ние оценивме дека дефиницијата може прилично да влијае како ќе се поима овој институт и затоа, сериозно сметаме на вклучување на дефиницијата на ОЕЦД во нашиот закон, која е општо прифатена, најразвиена, во меѓународната практика најчесто користена, а дефиницијата на ОЕЦД, бидејќи тие имаат принципи кои се

однесуваат на судирот на интереси врз кои нашите предлози сме ги граделе. Судирот го дефинира како судир меѓу јавната должност и приватниот интерес на службеното лице во кој неговиот приватен интерес би можел несоодветно да влијае во извршувањето на службените должности и одговорности. Цениме дека подобро го дефинира институтот, затоа Што се однесува на еден легитимен приватен интерес кој службеното лице го има, кој не може да му престане, но не смее да го користи, не смее да му даде предност, напротив, треба да го остави настрана, да го иземе или да не постапува, да го делегира своето овластување и затоа, по наше мислење дефиницијата на ОЕЦД одлично го фокусира практично неговата должност да не дозволи приватниот интерес да му се наметне.

Затоа, за нас, оваа дефиниција е поприемчива.

Одам на следна точка изјава за интереси. Ние немаме дилема дека изјавата што треба да се даде, треба да биде изјава за интереси, бидејќи службеното лице, ова е наша идеа во нашите стратешки програми, да ги зајакнеме капацитетите на институциите, значително и базите на податоци. Тоа значи дека службеното лице не можеме да очекуваме да го познава институтот и знаете да пријави дека свесно е во судир на интереси, ниту треба, ниту мора да го знае, тоа ќе го оцени надлежно тело, но, треба да даде изјава за своите интереси, доколку го избираме на определена функција, кажува дека член на негово семејство, или сега да го шириме кругот на неговите деловни партнери, по сугестија затоа што во системот што го градиме тие односи стануваат примарни. Значи, ги легитимира, ги јавува своите интереси и како интерес. Мојата сопруга на пример, има адвокатска канцаларија. Мојот син е вработен во Министерството. Го имате како база на податоци, за секое наредно кадровско решение, планирање, вие знаете човекот во кој контекст функционира. Тоа и на надлежните ограни ќе и помогне, таа изјава да ја имаат врз основа на што да си ги регулираат своите постапки.  И оттаму велиме дека е посоодветно ова да биде изјава на интереси, впрочем кај анкетните листови ние не декларираме незаконски стег на тимот, декларираме имот, пријавуваме имот, значи, градиме база на податоци.

Третата точка на која сакаме да обрнеме внимание е околу подароците. Прифатено е, сосема е наместо, бидејќи сите сугестии се дека и логика антикорупциска е дека подарок не смее да се прима, заради тоа што ние разликуваме и мислам дека треба да се направи дистинкција што е подарок

во смисла на овој закон, а што е подарок во смисла на располагање, користење ствари во државна сопственост.

Подарок во овој случај значи давање ствар, има напишано што се подразбира како давање и примање, со цел, службеното лице да направи, или да не направи. Во таа смисла, подарокот е спорен или нема да го дозволиме. Оттаму, нема зошто да го ставаме во законот, освен, во случаите закон за користење. Законот за користење е многу прецизен. Таму го дефинира подарокот на друг начин, како спомен, заслуга итн, нема зошто да го ставаме овде. Овој закон упатува на друго.

Одиме на следната точка, мислам дека може да се направат овие прецизации до конечната фаза на разгледување на законот. Се работи на став 4 од членот 17, околу напуштањето на функцијата, ќе ја споделиме со вас и нашата одлука која е исто така висока експертска одлука, а се однесува на периодот додека службеното лице е на функција. Може да се случи како што е по опис и попис на функцијата да има одредени овластувања, го даваме за пример еве одредена концесија, некаква дозвола. По напуштањето на функцијата лицето оди во приватниот сектор и дури тогаш може да ги исползува погодностите што ги има направено со одреден негов деловен партнер или лице кое кога ќе заврши режимот на неговата јавна функција, може, за нас станува илеревантно, но плодовите тогаш се ефектуираат. Зошто инсистираме на ова. Инсистираме заради тоа што е недозволиво плодовите од кршењето на законот да добијат правен легитимитет. Тоа што е плод на кршење на законот сноси одредени санкции.

Следната наша сугестија се однесува околу оваа изјава. Имаме добро разработена глава. Јас би сугерирала да се обрне внимание на тоа што ние дадовме.

**Силвана Бонева:**

Се извинувам госпоѓо Мирјана, сакам да ги предупредам колегите бидејќи многу слабо е озвучувањето да престанат со разговорите меѓу себе да може да се слушаме.

**Мирјана Димовска:**

Значи, се работи за измена која одлично ние, коегзистентно на иста линија ја ставаме со анкетниот лист. Одлично функционира таа пратика, имаме дистинкција меѓу функционерите и државните службеници. Првата категорија анкетните знаете се даваат во Државната комисија, со оглед на тоа што се работи за вработени лица,  не се избрани и именувани, тие листи

ќе си ги даваат во институциите каде што работат на барање за надлежно постапување, нам ни ги прават достапни, без никаков проблем оваа добра практика со анкетните листови да ја примениме и кај изјавите за судир на интереси. Рековме дека се работи за давање изјави, податоци за статусни прашања на службеното лице.

Следното, нешто го загатнав предмалку. Колку што ѕирнав во текстот, некако изгледа ни бега од внимание, а се однесува на точката 5 во членот 18 и имаме ставено, доколку од судирот на интереси се настанати правни последици, Државната комисија бара нивно отстранување. Ова треба да остане дефинитовно поради принципот на легалитет дека, како што реков, од кршењето на законот, во случајот на случување на судир на интереси, не може да се остварат законити правни плодови. На овој начин ако ова ни побегне од внимание, ќе изостане казнувањето, во случаите кога коруптивното постапување ќе произведе придобивки. Гледате сега доаѓаме до контрадикција со едно од генералните начела на антикорупциската политика, дека корупцијата треба да ја направиме не високо ризична во профитабилна, обратно високо ризична, а непрофитна. Незапазувањето на ваквата одредба, по наше мислење би значело како нешто, и тука треба да бидеме подецидни, па да, членот 18 се извинувам членот 17.

Петтата точка, став 5 од член 18, таа е тргната, а ние бараме да се врати. Во тоа е интервенцијата, а ја имаше предходно.

Одиме на следното, искрена ќе бидам да ве придобијам за една наша идеа. Тоа се токму мерките. Ништо не се зголемуваат во поглед на надлежностите на Комисијата и во овој дел само правиме приминлив. Ќе го прочитам тоа што ние сметаме дека треба да биде втора мерка, опомената, дали е јавна, еве се застана на став дека е јавна, ние ги објавуваме кога се констатира судир, тука нема ништо спорно, има една процедура каде на лицето се укажува како да излезе од судир, значи да се корегира, значи да не продолжи таа незаконита состојба. Доаѓаме до таа мерка, втора, која многу дефакто предизвикува и цело време колку што јас знам предизвикув, а се однесува на иницијативата која може Комисијата да ја покрене. Останато е во текстот иницијативата разрешување, ние во нашиот предлог напоредно со мерката на пуштање на функцијата која ќе се однесувала на функционерите, со иста кондиција кон државните службеници би била иницијативата за постапка за дисциплинска одговорност која конечно може да му донесе и губење на работното место. Значи, одиме на една мерка која значин

напуштање на функцијата заради следното: законот, господа, се фокусира кон службеното лице. Тој е обврзникот кон законот, не неговиот шеф. Службеното лице едноставно е номинирано во законот и затоа сметаме дека и мерките треба да бидат фокусирани на службеното лице. И досега ја имавме иницијативата за разрешување во практиката и беше неприменливо врз одредена категорија службени лица, особено таму каде што немате надреден градоначалник, член на Совет, знаете каде непосредно се црпи мандатот од граѓаните. Таму немаме надреден кој да му ја изрече мерката и делуваше како да има правни празнини и бегаат од контролата на законот. Затоа, и заради логиката дека службеното лице е директно номиниран, решението такво какво што беше за разрешување и се спореше во многу стручни дебати можам да кажам дека и за нас е издржано тоа спорење, бидејќи Комисијата никого не издала, па не може ни да го разреши. И затоа, ова инсистирање да остане ваквото решение, овозможува да продолжи задскривањето на службеното лице зад старешината на органот за кој тој постои како надреден. Значи, ДКСК кажав му се смета дека треба да му се обратиме на службеното лице кое е обврзник кон законот, од него се бара одреден етички капацитет и лично позитивно однесување кон законот. Затоа, мекрата е барање за напуштање на функцијата, му се упатува на службеното лице, значи, барање оставка пред целата јавност, како негов личен чин. Освен што ја решава празнината како негов надлежен орган, таму каде што имаме на пример во тимските, никој не го спречува старешината на Владата да си преземе мерка за разрешување, затоа што и тој има удел во именувањето, предлагањето на службеното лице. Може да биде и аргумент плус, но ќе ја избегнеме ситуацијата која ја имаме досега. Господата спомнуваат околу управните одбори, имаше едно мислење така изречено, па добро, некого некаде го поставиле. Малку новинарски ќе си дозволам, јас кажав и тогаш, јас не можам да помислам дека некое службено лице се третира себеси како предмет на доставата каде што некој смета дека треба да биде, тоа е тоа, кој треба да покаже одреден капацитет за функцијата што ја работи. Сакам да искористам прилика да потенцирам уште нешто кое во расправата за извештајот за 2008 година беше кажано, се одбегнувам да бидам лична, но, еве, уште еднаш ќе потенцирам, нека биде тоа уште еднаш, нема функции господа кои треба да се спорат во името на актуелниот претседател на државната комисија, бидејќи функцијата е оваа, а работното место во Македонската телевизија како и за сите што се членови на Комисијата си ги задржуваат своите работни места,

тоа е работно место, а не е функција. Членот 21 вели, функционер неможе истовремено да врши функција на одговорно лице и орган на управување. Во Македонската радио телевизија орган на управување, управниот одбор согласно со член 138 од Законот за радиодифузна дејсност си има луѓе што си управуваат со капиталот и што ја раководат куќата. Програмски директор не е раководно лице ниту управува со имотот. Јас нема да коментирам други ситуации што сме ги имале во некој минат период. Медијатор не е функција дефинитивно, медијатор е квалификација ко јас, тоа може да се провери, ниту пак сакам да ја практикувам во овој период токму заради некакви си дискусии во кои не сакам ниту инспирација да се остави, значи не ја практикувам. Патем ќе кажам дека од октомври минатата година до 1 август сега во извештај 2008 имате увид колку сидир на интереси сме истретирале како предмет. Во овој период ги работиме извештаите за НАТО и за Европската унија, имам 50 предмети од областа на судир на интереси, 34 се завршени, 16 се сеуште во постапка, што значи дека тука спаѓаат и предметите за кои вака поединечно се споменува, се користат сите можности што законот ги дозволува, а тоа е по лична иницијатива, по наше наоѓање, кој се интересира на нашите прес конференции известуваме, а за секоја информација и за конкретни случаи, нормално согласно со генералниот принцип на траспарантно и одговороно работење можеме да дадеме одговор, но секогаш ќе реагираме ќе ја оставиме политичката прагма во ваквите дискусии. Еве нека биде и денеска давање факт за тој што сака ги почитува. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодарам госпоѓа Димовска за тоа што ги споделивте со нас информациите најпрвин дека Државната комисија учествувала во целиот процес на подготовка на измените и дополнувањата на Законот за исполнувањето на петтата одредница. Благодариме на вашите сугестии да се вклучи дефиницијата на овој ЦД за судирот на интереси. Понатаму, дека службените лица треба да даваат изјава за статусните прашања и со самото пријавување на податоците ќе се гради една база на податоци која ќе користи многу во иднина во тој домен и дека треба да остане ставот пет од членот 18 и последната ваква забелешка дека мерките за разрешување или напуштање на функцијата треба да бидат фокусирани врз службените лица, а не да се задскриваат зад надредениот орган. Уште еднаш благодариме за вашите размисли и укажувања.

**Силвана Бонева: (Продолжение)**

Му давам збор на колегата Емилјан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:**

Ќе се обидам на почетокот да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ со надеж дека присуството на претседателот на Антикорупциската комисија, после мојата дискусија ќе овозможи да добиеме одговори на многу конкретни прашања.

Да нема ниту една дилема, во интерес на граѓаните, апсолутно СДСМ секогаш ќе поддржува законски решенијаили предлози кои одат во правец на зајакнување на борбата против корупцијата и организиран криминал во Република Македонија и во исто време секогаш ќе се залага за унапредување на механизмите за спречување на одредени негативни појави во македонското општество каде секако е и судирот на интереси кои за жал во изминатите три години за оваа Влада е синонимодносно можам да кажам дека кадровските решенија на оваа Влада може да се искористат како школски пример за тоа што претставува судир на интереси.

Мислам дека се наоѓаме во една малку апсурдна ситуација бидјеки заврши првото читање на овој закон и се обидовме и на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем , како и на пленарната седница да укажеме дека овој закон апсолутно не оди во насока на квалитетни законски одредби или она што значи целосна имплементација на ваквите законски решенија во пракса. Меѓутоа, не добивме поддршка од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ иако во одредени дискусии со одредени пратеници разговарав и оние кои го читале овој закон свесни се дека не може да се имплементира во пракса, но се надевам после оваа дискусија ќе се прекршат и ќе не поддржат во потребата овој закон малку подобор да се обработи и истиот да го донесеме со консензус. Тоа СДСМ ќе го направи, бидјеки, ќе повторам ние ќе се однесуваме крајно консултивно

бидјеки тоа е дел од законите кој го бара Европската комисија и ќе го поддржиме секое подобрување на текстот и усвојување , се со една цел Република Македонија да добие препорака за датум за преговори.

Ќе се обидам,како што тоа го направив на пленарната седница, со конкретни примери да покажам дека овој закон навистина не е спроведлив во пракса. Ќе одам со членот 3. Првично ќе се обидам да поставам одредена дилема во ставот 2 со едно прашање.

Кој е опфатот што овој закон или овие измени и дополнувања на Законот, го нуди. Зошто? Ќе се обидам да прочитам. Значи согласно овие измени ставот 2 се менува и гласи - службено лице, во смисла на овој закон, се претседателот на Република Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и другите именувани лица на Република Македонија во странство, избрани и именувани лица од и во Собранието на Република Македонија и Владата на Република Македонија, органите на државната управа и другите државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи и други правни лица на централната и локалната власт, државни службеници и лицата со посебни должности иовластувања утврденисо закон.

Ќе се согласите дека ова е апсолутно многу широк опфат. Да бидампрецизен, ова значи дека со вакво предложено законско решение имаме целосен опфат на сите оние кои на билокаков начин работат или имаат некакви овластувања во државнит еи јавни институции и од тоа бегање нема. Тука дополнително е впишана судската власт и мислам дека под третман на овој закон, акос е усвои ваков каков што е даден, ќе бидат и оние лица кои работат со судот, ккао адвокатите, медијаторите, нотарите и т.н.

Сега се враќам назад на членот 3, измените во алинеја 5 каде се дефинира терминот блиски лица. Во интерес на јавноста, во интерес на медиумите ќе прочитам што предлагате да значат блиски лица. Блиски лица се лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права и во странична линија до четврти степен, посвоителот и

посвоеникот, роднините по сватовство до втор степен како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има приватен...

Сега ќе се префрлиме на членот 5 каде многу јасно се дефинира што треба д анаправи службеното или лице кое ќе добие јавно овластување, а кое како сопствени управувал со некое трговско друштво или установа. Тој за време на вршењето на јавните овластувања или должности, после усвојувањето на овој закон ќе биде должен управвуањето да му го довери на друго лице или посебно тело, освен на лицата од член 3 став 1 алинеја 5 од овој закон или овие блиски лица кои сега ги спомнав. Дадов еден многу конкретен пример на пленарната седница. Еве ќе се обидам сега да импровизирам но со еден друг пример.

Пред извесно време имавме, сега мислам дека нема, државен секретар во Министерството за правда кој дојде како адвокат односно претходно обавуваше функција адвокат. Кажете ми дали е судир наинтереси ако тој својата адвокатска канцеларија ја остави на одреден приправник или стручен соработник кој работел со него додека тој бил адвокат и дали со него имал приватен интерес. Еве јас ќе ви кажам, бидејки тоа е реторичко прашање, да.

Сега ви поставувам едно многу конкретно прашање и ова се однесува на претседатлката на Антикорупциската комисија, на кого адвокатот ќе му ја остави науправување својата адвокатска канцеларија ако не на некојстручен соработник кој ја знае работата или ќе треба да излезе на Градскиот Плоштад во Скопје да бара некој човек и по можност да избере некој кој во никојслучај не е роднина или можеби школски другар, или на било каков начин се познава за да му каже ти си среќниот добитник,од денес имаш адвокатска канцеларија, те молам управувај со неа, бидјекисогласно Законот за спречување судир на интереси, јас не смеам додека сум државен секретар. Ти ќе ја обавува, па како ќе се снајдеш останува на тебе. Значи тоа го нуди законот.

Дополнително ќе ви покажам уште еден пример со кој јасно е дек аовој закон е во колизија со други законски решенија иобидувајкисе, ајде да не

речам шминкање на реалноста, не сакам да бидам малициозен, да се обидам да бидам објективен без да ми предничат субјективните партиски интереси и да говорам партиски. Членот 9 е во класична колизија со Закон за права на избрани и именвуани лица, попрестанок на функцијата. Сега ќе ви дадам друг пример, на пленарната седница дадов друг.

Членот 9 вели - службеното лице во рок од една година по престанокот на вршењето на јавни овластувања и должности односно по престанокот на вработувањето не може да се вработи во трговско друштво во кое вршелнадзор или имал воспоставено било каков договореноднос при вршењето на јавните овластувања и должности. Еве еден конкретен пример.

Дали директорот на ЕЛЕМ Влатко Чинговски, АД ЕЛЕМ е трговско друштво со доминантно државен капитал во сопственост на Република Македонија, е внатрешно решение за директор на ваквото акционерско друштво. Јас ќе ви одговорам да.

Дали знаете ако се усвојот вака како што се предложени измените и дополнувањата на овој закон, ќе значи дека на Чинговски, вие, по завршувањето на неговата функција, ќе му кажете господине Чинговски вие бидјеки сте биле директор ис те вршеле надзор во ова трговскод руштво и сте имале менаџерски договор, не можете да се вратите на претходното работно место кое сте го вршеле до 2006 година. Вие можете евентуално да земете апанажа или други права што ги имате со вашиот менаџерски договор, но да се вратите на претходното работно место, не, бедејки тоа не го дозволува Законот за спречување на судир на интереси. Тоа се решенијата кои вие ги нудите.

Сега одам на член 11, член со управни и надзорни одбори.

Членот 18, вели, се менува и гласи: - службеното лице не може да биде член на Управен или надзорен орган во трговско друштво, што се согласувам апсолутно позитивен пристап и претставува доброуредување на материјата , ама не можам да го разберам ставот 2 кој вели - по исклучок од ставот 1 на овој член, државен службеник и лице со посебни должности и овластувања

утврденисо закон, може да биде на член на Управен или надзорен орган во трговско друштво.  Кажете ми сега што е исклучокот и како е дефиниран исклучокот во вооj закон, што е исклучокот. Сега ќе дозволите, ќе импровизираме. Треба да си шеф на  кабинет на вице премиер за да можеш да членуваш во  пет управни одбори? Како што тоа го направи шефицата на вице премиерот Ставрески? Тоа е исклучокот?

Кој е исклучокот врз основа на кој, службено лице кое врши јавни овластувања може да биде член на управен инадзорен одбор. Дефиниција нема.

Сега ќе одам на најсоодветните примери и се надевам на тоа денес ќе добијам одговор.

Во членот 17, бидејки комплетно целиот закон ја зајакнува позицијата на Антикорупциската комисија и дополнително ги утврдува начелата врз основа на кои Антикорупциската комисија треба да ги имплементира одредбите во воојзакон. Тоа е законитост, доверливост, објективност и непристрасност, точно утврдувајки ја постапката кога треба да постапува или врз основа на каква иницијатива треба да постапува Антикорупциската комисија.

Во членот 20 кој ги објаснуваше претседателката Димовска како санкции и мерки кои може да ги даде Антикорупциската комисија таму каде што ќе утврди судир на интереси, меѓу кои се јавната опомена, иницијатива за разрешување на вршење на јавните овластувања или должности и иницијатива за поведување на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплински престапи. Меѓутоа, овие не можат сите наеднаш или да се избере една од овие, да се изрече мерка, затоа што следниот член веќе попрецизно уредува.  Вели, за да се определат мерки и иницијатива за разрешување или за поведување на дисциплинск апостапка, мора прво да му се изрече јавна опомена на тој кој со своја постапка направил да има судир на интереси. Сега јас многу конкретно на претседателката Димоска ќе и поставам конкретни прашања:

Дали по усвојувањето на овој закон, на пример, ќе му изречете јавна опомена на министерот за правда. Еве ќе кажам зошто.

Министерот за правда по ексофицио е член на Судскиот совет. Бидејки е член по службена должност, како министер за правда, ја оценува работата на сите судири. Дали сметате дека е судир на интерес министерот за правда да ја оценува работата на Олгица Павловска, судика во Штип, која воедно е прва братучетка на сопругата на почитуваниот министер за правда Филимена Маневска. Дали е тоа судир на интереси. Или дали е судир на интерес или дали е судир на интерес кога министерот за  правда ќе дава мислење за помилување кое треба да го даде Ѓорѓе Иванов но на некаков начин ќе создаде некакви импликации врз основа на овие измени и дополнувања на Законот затоа што, колку што знаеме,  освен ако, еве, импровизирам, ќе се извинам ако не е така, дека Филимена Маневска, неговата сопруга сега е правенсоветник во Кабинетот на претседателот на Република Македонија Ѓорѓе Иванов. Дали е тоа судир на интерес? Ајде ќе одиеме сега уШте едне чекор понатаму.

Како што знаете, а верувам дека знаете, ние донесовме едни измени и дополнувања на Законот за внатрешни работи во кој на тајната полиција и дадовме едни други пошироки овластувања односно да се занимава со организиран криминал од потежок вид. Ако не сте знаеле, само да ве потсетам дека директорот на тајната полиција е братучет на премиерот Никола Груевски. Прашањето мие, вие јавна опомена ќе му дадете на директорот на тајна полиција, по донесување на овој закон, дека има судир на интереси и не може, еве импровизирм, нема да постапи понекој организиран криминал од потежок вид, ако направи Владата, бидејки има такви ингиренции како шеф на тајна полиција, бидејки колку што знам, ќе ме поправите ако грешам, вие не му изрековте барање за прекршочна постапка штонего достави на време анкетниот лист. Не верувам дека ни јавна опомена сга ќе му доставите.

На крајот, ќе говорам за статусот на Антикорупциската комисија и праксата која ја има во изминатите три години, што апсолутно не ни дава за право дека зајакнувањето на позицијата на Антикорупциската комисија во суштина ќе измени нешто во спречувањето на судирот наинтереси во Република Македонија.

Прво, законот има такв амана што има се, значи глоба за правно, за физичко лице кога ќе се утврди дека има судир наинтереси, само за Антикорупциската комисија и за вас никаква санкција. Значи никој, освен извештајот што го доставувате во Собранието на Република Македонија, за вас ама нема апсолутно никаква санкција ако не постапувате или ако некаде утврдите дека има судир на интереси, а вие не постапите, за вас нема санкции. Сега, бидејки добро е што јавно признавте конечно дека сте програмски директор во јавниот радиодифузен сервис односно МРТВ. Еве, програмски директор, точно, не е функција. Ама ајде сега една друга работа, пак ќе се обидам да импровизирам. Сакате да ми кажете дека вие немате судир на интереси да утврдите, дали извршниот директор кој е ваш работодавец или ваш претпоставен во МРТВ, дали примил подарок или не примил подарок, дали вие сте или дали можете и имате ли вие приватен интерес таму? Имате. Како вие ќе оценувате дали пријавил или не пријавил подарок. Не можете затоа што тој е ваш работодавец и сите вакви предложени измени и дополнувања апсолутно не кореспондираат со јавноста во Република Македонија и мислам дека, верувам дека искрен бил пристапот и дека се оди во правец на унапредување на регулирањето на оваа материја во Република Македонија. Но,уште еднаш апелирам,ние како пратеничка група ќе се обидеме амандмански да го подобриме предложениот законски текст. Уште еднаш ќе повторам, се нудиме, до колкуоцени Министерството за правда, еве до колку оцени Антикорупциската комисија, наши експертски тимови да седнат, додека дојде второто читање на овој закон, навистина да направиме квалитетни измени и дополнувања кои ќе бидат спроведливи во пракса. Овие измени и дополнувања вака како што се доставени, со нив само

ја шминкаме реалноста и се обидуваме некому да замачкаме очи. Ова нема да го спречи судирот на интереси во Република Македонија. Нас ни треба закон базиран на реална основа, врз основа на препораки на експерти, да се измени и дополни и на такво начин да биде целосно спроведлив во пракса. Се надевам, не сакам никој да разбере дека се обидов да говорам теснопартиски или со мојата дискусија да ќарувам дневнополитички поени. Апсолутно не е така. Сакаме да помогнеме, ќе бидеме крајно конструктивни, но апелираме, бидејки дадов многу конкретни примери, ако ме разубдите, јас ќе го поддржам законот, дека ова што го говорам не е вистина. Благодарма.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Станковиќ за вашата исцрпна дискусија, за забелешките дека  ако остане овој закон таков каков што е дека не е спроведлив во пракса, понатмау забелешките на член 3 став 2, за широкито опфат однсоно целосен опфат на државните службеници во локална и државна власт исудската власт, за колизијата со други закони и за законот, дека нема санкции за Антикорупциската комисија, ако не постапи во случај на судир на интерес.

Ви благодарам за забелешкит еи се надевам дека конструктивни ќе бидат вашите забелешки и вонаредната фаза ќе бидат преточени во амандмани.

Му давам збор на господинот Кенан Хасипи ,

**Кенан Хасипи:**

Почитуван потпретседателе на Владата, почитуван министер, членови на Националниот совет.

Јас би сакал мојата дискусија да ја започнам со една констатација и една замолница.

Констатирам дека е добра праксата што Националниот совет, по прашањето од интерес за државата отвора јавни расправи и ова е четврта по ред јавна расправа по однос на одредени законски решенија што ги добиваме од страна на Владата. Меѓутоа, би замолил во дискусиите да се осфрнеме на

она што е предлог закон, измени и дополнува од едноставна причина бидјекис е работи само за еден сегмент од антикорупциското законодавство инаку во спротивно би можеле да запливаме во водите на критикување на една институција која што е должна да ги следи коруптивните активности во државата, а тоа е државната Комсиија за спречување на корупцијата. Таа е должна еднаш годишно на Собрание да донесе извештај и по повод на тој извештај можеме да укажувам на сите нелогичности и неправилности во работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата. Не сакам да се ставам во улога на адвокат, меѓутоа би ја промашиле целта. Ние треба да се ориентираме дали нормативно овој текст на законот задоволува за да може да се подобри состојбата во оваа сфера. Инаку би сакал на самиот почеток да констатирам дека судир на интереси постои, тоа го констатира и госпоѓата Мирјана при нејзиниот настап.

05/1.- /ЛЈ

**Кенан Хасипи: (Продолжение)**

Беше потребно јасно да се дефинира што претставува судир на интерес, појасно, дефинирање за да може да се постапува согласно она што е судир на интерес, како и дефинирање на поимот јавни овластувања и должности што, колку што гледам во Законот тоа е веќе и направено. Меѓутоа, и на Комисијата за политички систем има одредени критички забелешки по текстот на законот. Јас би сакал во тој правец и на денешнава јавна расправа да го искажам моето мислење. Некои од колегите не се сложија, меѓутоа јас ќе си го задржам правото по овие прашања да го искажам мојот став.

Пред малку господинот Емилијан Станковиќ се осврна на две работи за кои што би сакал и јас да се осврнам. Прво, една од тие работи е, и што е позитивно дека службеното лице не може да биде член на управен, или надзорен орган во трговско друштво. Би сакал ова да биде генерална рамка и да не постои став 2 кој што вели: по исклучок во овој член државен службеник и лице со посебни должности и овластувања утврдени со закон може да биде член на управен, или надзорен орган. Да се избрише овој став од член 11 и да остане само член 1, став 1, службеното лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво и тоа да важи за сите категории.

Понатаму, би сакал да продолжам во делот каде што се зајакнува улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата. Таа треба да постапува по службена должност по барање на службено лице врз основа на пријава на друго лице и по барање на функционерот кој раководи со органот. Иако госпоѓата Мирјана велеше дека законот се однесува само за службеникот и дека не треба во Законот  да ги мешаме и функционерите кои што работат во органот во кој што дотичниот службеник е во работен однос.

Пропишана е обврска да се даде изјава од страна на службеното лице и од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата, сакаат тоа во тој дел дефиницијата да биде проширена и "до блиските роднини", кој, каде, што и како е вработен, ако добро ве разбрав. Вие сакате да се врати. Мислам дека со дефинирањето на поимот на "блиски" можеме да запливаме во многу непријатни води и тогаш, буквално ќе немаме заинтересирани за вршење на јавни овластувања од едноставна причина што имајќи ја таа лепеза во предвид од што се, на пример, треба да се откаже за да добие статус на службеник со јавни овластувања, ќе имаме сериозен проблем не само во изнаоѓање на луѓе за вршење на јавни овластувања туку и во примената на овој закон во пракса. Така што во тој дел би требало да се размисли дали има потреба од одредени допрецизирања на текстот на Законот за да можеме да имаме закон кој што ќе биде применлив во пракса.

Понатаму, во однос на примање на подароци. Предлогот на Државната комисија за спречување на корупцијата беше тоа да се допрецизира доколку се дава податок за да се изврши соодветна работа што е во доменот на државниот службеник. Тоа да се третира како подарок, бидејќи би било нелогично да речеме подароците по друг основ да бидат предмет на расправа а не се во доменот на вршењето на одредениот бенефит од страна на државниот службеник.

И уште една нелогичност имаме во законот дека против законито примање на подарок треба да биде пријавено до државната комисија за спречување на корупцијата. Па господа кој е тој што противзаконито ќе прими подарок и доброволно ќе рече пред Државната комисија за спречување на корупцијата господа јас, од интерес за да му завршам работа на тој и тој човек, доброволно примив од него подарок. Ќе ве молам, тоа е нелогично во законот.

Државната комисија за спречување на корупцијата може по сопствена иницијатива, по пријава,по анонимна пријава да покрене постапка за примање на подарок, инаку нелогично е некој против законито да прими подарок и да оди сам да се пријави до Државната комисија за спречување на корупцијата дека примив подарок. Доколку се работи за таков чесен човек, бидете сигурни тој нема да го прими подарокот, а не после примање да оди да го пријави подарокот до Државната комисија за спречување на корупцијата. Така би сакал тој член по можност да се избрише, бидејќи нема логика.

По однос на зајакнување на санкциите и на Комисијата на политички систем, истакнав дека нелогично ми е јавната опомена. Доколку ги видите дејанијата пред јавната опомена ќе видите дека нема потреба од јавна опомена, бидејќи по потпишаната изјава во рок од 15 дена, доколку дотичниот службеник нема потпишано изјава дој веќе од Државната комисија за спречување на корупцијата добива сугестија дека е потребно тоа да го направи. Сега ние му признаваме уште еден дополнителен период нему доколку тоа не го направи сега јавно да го опомени. Непотребно губење на време. Едноставно ќе се поведат останативе две постапки. Или постапка за дизциплинска одговорност, или постапка за напуштање на функцијата по мене, постапката за напуштање функцијата е појак чин, и тој би требало да биде применлив за да нели во таа сфера нешто посериозно направиме.

Би сакал нешто да се осврнам и на овие казнените одредби. Мислам дека ние имаме во нашето казнено законодавство многу повисоки износи за многу помали повреди на законите. Овде станува збор за глоба да речеме од 500 до илјада еврал. Човек кој што влегол во коруптивна афера, а кое што вреди многу повеќе многу едноставно би се сложил да го плати овој износ. Многу е побитно да се појавите на коруптивно однесување, превенираат да се евидентираат и да се поведе соодветна кривична постапка и согласно на тоа да ги сноси последиците, инаку бидете уверени дека доколку било кој влезе во коруптивна афера која што му носи корист од стотици илјада евра, глоба од 500 до 1000 евра, не е ништо во однос на она што то ј профитирал при неговото коруптивно однесување.

Овие се неколку работи за кои што сакав да продискутирам. Инаку е за поздравување што не може и уште едно прашање кое што по мене е многу нелогично. Добро е што во однос на враќањето на работа една година

по престанокот на вршењето на јавните овластувања. И на Комисијата спорев со овој член. Јас би сакал овој член да го допрецизираме од едноставна причина што доколку некој службеник со јавни овластувања чесно и совесно си ја вршел функцијата, по кој основ па тој да не може да се врати на работно место на кое претходно работел иако претходно вршел надзор врз работата на тоа трговско друштво. Јас би сакал оваа дефиниција да стои и да стои дека доколку извршил злоупотреба на јавните овластувања или должности. Само тој да не може да се врати во рок од една година, да се вработи во трговското друштво во кое што вршел надзор или имал воспоставено било каков договорен однос. Во спротивно доколу ова се генерализира ќе дојдемем во ситуација да на илјадници службеници не може да се вратат на работното место на кое што претходно работеле, доколку нели при вршењето на своите јавни овлвастувања вршеле надзор во трговското друштво во кое што претходно работело. Тоа да важи само за службениците и лицата со јавни овластувања за кое што е констатирано злоупотреба на функцијата што ја има. Инаку во спротивно ќе влеземе во еден хаос од кој што тешко мислам дека ќе можеме да излеземе.

Овие се мои забелешки околу Предлог на законот, инаку морам да констатирам дека ова законско решение е чекор напред во однос на она што го имавме како законско решени до сега и верувам дека и расправите при работните тела и оваа јавна расправа ќе биде патоказ при наредното читање да го подобриме текстот на законот од едноставна причина да може истиот да биде применлив во пракса. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодарам господине Хасипи за вашите забелешки, во однос на примањето на подароци да се допрецизира доколу се дава подарок за да се заврши работа од доменот на вршење на работата. Тоа да се смета како инркиминирано дејание, против законитото примање на подарок, бидејќи сам никој не може да го пријави да биде како резултат да се стави дека по анонимно јавување или сознание на Државната комисија, дека треба да се интервенира дека нема потреба од јавна опомена доколу државниот службеник не даде изјава за малите глоби кои што немаат превенирачки ефект, понатаму допрецизирањето за тоа дека државните службеници кои што чесно си ја вршеле работата да можат да се вратат во трговското друштво во кое што тие вршеле надзор или некоја друга работа при вршење

на нивните јавни овластувања, забраната да важи само за оние кои што ја направиле злоупотребата. Ви благодариме за вашите забелешки.

А сега за збор се јави госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:**

Благодарам госпоѓо претседавач,

Јас нема да ги повторувам тезите кои што доаѓаат од моите колеги, ќе се обидам да говорам по членовите за кои навистина имам дилеми.

Мојата дилема е дали со овие понудени предлог измени на веќе постојниот закон, навистина ќе го подобриме имплементирањето на она што значи во областа на заштитата, од можниот судир на интереси, и тука неминовно се доаѓа до основното прашање. Опфатот на буквално зоната што можеме да ја оквалификуваме дена начелно претставува генератор, извор на корупција. Се почнува од еден момент кога не е санцкиониран случај на  интереси, кога е јасно дека постои случај на колизија помеѓу јавен и приватен интерес и тука е леглото, базата на она што значи корупција. И не е случајно во првичниот закон, нели за спречување на корупција беше дефинирана една голема глава за случаите со конфликт на интереси. Дури во 2007 година за тоа нели и претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата говореше се донесе специјалниот закон. Ама и со две сега законски решенија, можеме да констатираме дека не сме нашле начин и пат да добиеме ефективно за имплементирање законско решение. Факт е дека во Македонија цвети корупцијата само заради тоа што не постои лек за она што се вели санцкионирање на конфликтот односно судирот на интереси.

Ќе почнам од измената на членот 3, говореа и моите колеги за тоа се однесува за новата дефиниција што е тоа службено лице. И мислам дека се работи за технички пропуст, изоставени се нели, изоставена е локалната власт. Случајно, неслучајно не знам, ќе се согласам дека има период, значи госпоѓо претседател, други правни лица на централна и локална власт не се органи на локална власт. Органи кои располагаат со локалните буџети, собрани нели согласно законот за финансирање на единиците на локална самоуправа. Немате. Јас ќе ви кажам уште некни кога говорев на седницата при првото читање, ќе ви кажам ако вака остане вашиот предлог, ако не се строго прецизирани дека во службено лице не спаѓа само градоначалник, туку избраните и именувани локални избори, ги немате совениците, но и

еден куп локална администрација вработена по органите на локалната власт. И ќе кажам два конкретни случаи.

Знаете ли дека само во општина Битола претседател на Општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ не само што ја искористи својата партиска моќ, по добивањето на локалните избори 2005, истото лице се вработи согласно своите квалификации како дипломиран економист во органот на локална самоуправа. Знаете ли каде настана дефакто судирот на интереси. Кога господинот Бошески, претседател на општинскиот комитет, стана претседател на Комисија за јавни набавки, и три години беше на таа власт. Не постоеше ли еден куп прес конференции _______. Дека постои класичен судар на јавен интерес со приватен односно партиски интерес, ама никој тоа не го санкционираше.

Или пак господинот лани кандидат за пратеник оваа година кандидат за советник и сега актуелен советник од редовите на ВМРО ДПМНЕ во Советот на општина Битола, господинот Таскоски, е директор на Јавното претпријатие пошта. И тоа му е малку, членувал уште во три четири органи на јавни претпријатија. Дефинирањето на забрана на учество во органи за управување и надзор, само врз трговските друштва по мене е страшно. по мене е свесна намера да се остави негибнато можноста на санкционирање на судир на интреси особено преку членување во органи на управување и на надзор во јавните претпријатија. Без оглед дали се на локална или на централно ниво. Оти тука се генерира изворот, не само на корупцијата, туку и на организираниот криминал.

Значи се надевам дека првен предлагачот ќе ја увиди оваа грешка во членот 3 во овој закон, она што по мене го читав ми стана јасно, дека со измените ова решение ќе изгуби на транспареноста што беше предвидена во досегашното решение. На три пати се бришат алинеи каде што постоеше во досегашното решение обврска за транспареност за објава кон јавност. Тоа се за прв пат во членот 21, каде што се дефинираат надлежностите на државната комисија се брише само една алинеја која гласеше цитирам: Државната комисија ја издејствува јавноста за случаите на судир на интереси. Тоа сега е преформулирано. Ги изрекува мерките утврдени со овој закон. Значи ова е сега прв обид, Државната комисија да нема веќе надлежност согласно закон да ја известува јавноста за случаи за судир на интереси.

Вториот пат, тоа се прави со измена на членот 23. Ако во вториот став, во постоечкото законско решение, Државната комисија имаше законска обврска да ја запознае јавноста за конечните подтоци од спроведената постапка, сега тоа веќе не е така. Вие нудите сосема нов член 23 ама ниту збор за обврска да се извести јавноста.

И трет пат каде што се врши груб упад, врз она што значеше досегашното законско решение да се има транспареност е во измена на членот 25. Сега веќе поинаку го преформулирате, она што до сега Државната комисија имаше обврска на службеното лице кај кое констатирало постоење на судири на интереси, да му изрече опомена, јавна опомена и иницијатива за разрешување, говореа колегите, значи со градација беа овие мерки. Најпрво опомена, без обврска за транспарентност, потоа јавна опомена која има многу поголема сила, бидејќи во вториот став кој сега веќе е избришан мерката јавна опомена, иницијатива за разрешување, требаше да се објават во средствата за јавно информирање. Сега тоа го нема. Тоа е избришано. Сега на еден по мое длабоко убедување, мошне перфиден начин, мошне перфиден начин, на службеното лице Државната комисија ќе му изрече една од трите мерки. Сега директно се оди на јавна опомена со кое јас се согласувам дека е добра мерка, ама е првична.

Второ се оди на иницијатива за вршење на јавните овластувања и трето, и по мене мерка кој ќе биде најчесто употребувана од страна на Државната комисија, госпоѓо претседател, ќе ви биде оваа новопонудената, иницијатива за поведување на дисциплинска постапка.

**Весна Бендевска: (продолжение)**

Водиме иницијатива за разрешување на вршење на јавните овластувања и трето и по мене мерка кој ќе биде најчесто употребувана од страна на Државната комисија, госпоѓо претседател, ќе ви биде оваа новопонудената, иницијатива за поведување на дисциплинска постапка. Не се решава така судирот на интереси, каква дисциплинска. Па ќе го имате вие лично дискреционото право наместо да разрешите службено лице кое веќе еднаш било опоменато, кај кое еднаш веќе сте констатирале постоење на судир на интереси, наместо како досега да имате обврска да му ја покажете вратата, согласно закон, си ја давате иако согласно трета алинеа со која не се согласувам, ова што по мене ќе биде основа и начин на кој ќе работите. За, знаете зошто, по дефиниција судир на интереси не може да прави

опозицијата. Нема мерки, нема инструменти. Судир на интереси прави власта, за припадници на власта ќе се изречува, ќе се поведува дисциплинска постапка тивка, не јавна. Тивка зад вратите, претпоставувам партиските кабинети. И жалам, тоа не ќе значи ефективна борба за спречување на судирот на интереси. И за она што говорев, жалам што тоа ќе биде уште поголемо генерирање на нова можност за корупција, корупција станува збор кога постои буквално користење на јавни ресурси, јавни средства за лични цели. И од тоа нели не можеме и да избегаме. Значи генерално во новиот член 26 се открива, ова е потврда на оваа моја дилема. Значи во првиот став мерката јавна опомена на службеното лице му се утврдува во начин и постапка, а во вториот став сакам да продебатирам околу изедначувањето на двете останати мерки. Мерката иницијатива за разрешување или односно читај еднакво, таа мерка за разрешување е изедначена со иницијативата за поведување на дисциплинска постапка. Па ова е драстично различна мерка. Претпоставувам дека дисциплинска постапка ќе се изрекува само како за потреба да не се разреши од јавната функција. Е, ако дојдовме до државните, значи не смееме да изедначуваме две различни по градација мерки за санкција. Ако е пак за државните службеници и тоа како со задоволство ќе го отвориме Законот за Агенции за привремени вработувања. Па не може да бидат партиските војничиња 30 илјадна армија буквално изедначени со државните службеници. Па огромна ___ се остава, па нив закон нема да ги допира што се однесува до судир на интереси. И еве, веднаш ќе го поставам и прашањето. Тука е... Ми заминал вицепремиерот, жалам. Значи ајде да проговориме, нели е ова случај на интереси кога поранешниот државен секретар во време кога господинот Груевски беше министер за трговија, господинот Владимир Цветиновски, сега е сопственик на маркетинг агенција. Според податоците на Службен весник истиот господин Цветиновски е во одборот на директори на ЕМО од Орхид, па трговско друштво е. Госпоѓо Димовска, јас се надевам дека ќе постапувате по сознанијата. Во исто време и на Македонската банка за подршка и развојот Цветиновски е и во управните одбори на државната лотарија и во Агенцијата за странски инвестиции. Во вашата годишна програма за заштита, имате принципи, имате утврдено глава 9 ризични области за судир на интереси и прво го дефинирате, комулација на функции и остварување корист. Ова е ваш работен материјал. Второ, влијание заради остварување на финансиски и друг вид корист. Се отепавме од покажување и докажување не само документи, цитиравме наоди од Државен

завод за ревизија, каде што ни да се остварува финансиска или друг вид корист, грабеж на јавните средства. Грабеж, класичен, утврден од државен овластен ревизор. И молк. До тука. Јас жалам што говорев, вие не бевте присутна на седницата за случајот на Драги Павловски во март месец 2007 до вас, до Државната комисија испрати класичен пример со документи за кој вие не се произјаснавте за случај на корупција во ЈП во државна сопственост, акционерско друштво, тоа е ЕЛЕМ АД во државна сопственост подружница РЕК Битола. Во истиот ден, бидејќи го поседувам, истиот материјал е испратен лично на рака на господинот Никола Груевски, до сега прокламираниот борец против корупција и организиран криминал. И оттаму молк, две ипол години. Две ипол години господинот Павловски надевајќи дека ќе биде класифициран како сигнализатор согласно Програмата на ВМРО-ДПМНЕ дека секој што ќе пријави случај на корупција ќе биде заштитен од влијанието на моќта, па тој Драги Павловски го изгуби работно место две ипол години само заради тоа што се осуди да пријви согласно барањето на Груевски, согласно ветувањата, да пријави корупција. Вие не се произнесовте, ни јавно, ни тајно, до ден денес, судот го врати господинот Павловски на работа пред некој месец, меѓутоа сеуште не се согласува да му ја исплати комплетната штета. Не само по основ на добивање на плата, не материјалната штета. Очигледно во Република Македонија за да добиете нематеријална штета треба да имате дијагноза Ф-40 и да видите дел од Владата на Груевски, а луѓето кои навистина пателе, кои се обидувале да ја дожата правдата не можат да наплатат нематеријална штета. И тука ми се сведува и затоа и го побаравме Законот за спречување на корупција. Кој ја контролира, Собранието нели има ингеренција да именува и разрешува членови на Државната комисија, ако сме орган кој само ќе прими извештај колку пати е постапувано, а колку не содржински, кои случаеви ги отвориле, а кои случаеви сеуште седат во фиоките, пријавите од Државната комисија не сме направиле помак во борбата против спречување на конфликтот на интереси како основа за корупција или организиран криминал. Не сме направиле ништо, единствено што направи Владата на Груевски на 1 декември во Службен весник обврската претседателот на Државната комисија да има право на една година да биде избран без право на повторен реизбор, како што се однесува за функцијата член на Државната комисија ја избриша облигацијата нели она без право на повторен реизбор. Сега, претседателот на Државната комисија може слободно по___ пат да биде

избиран на ова  место ама јас би сакала навистина да видам резултати и тоа повторно назначување на истото лице да биде како резултат на добро извршување на работата. Две ипол просечни плати се примаат за членување во Државната комисија за спречување на корупција. Ама ако истото лице плус е и програмски директор во јавниот радиодифузен центар, ако ова не е судир на интереси, јас не знам што е. Како можеме со личен пример, го имаме носителот на функцијата значи од една страна носител  на избор на функција на Собранието, истата госпоѓа работи како што говореше и колегата програмски директор е во јавно претпријатие. И тоа не е кршење на законот, зошто, бидејќи не ја ставаме забраната за учество во органи на управување и надзор и во јавните друштва. Што бараме да ја спречуваме во трговските друштa, не дека не може да има судир на интереси, ама е малку, не ја опфаќаме цела област каде што можат да се случуваат судир на интереси.

/ЕС  7/1.-

**Весна Бендевска**: (Продолжение)

И  во овој сегмент мислам дека законот е слаб. Јас гледам и со колегите дебатиравме дека од 2006  година наваму кога говоревме на различен  пат и кога се донесуваше законот но и кога се изменуваше во 2007 и 2008  година добар дел од нашите препораките се содржани во  овие измени, ама суштината ни ја нема. А суштината  не можеме со прости измени на закон да доведеме до подобрување на  имплеметацијата на законот. Не можеме бидејќи за тоа треба да имаме владеење на право, без пардон, без оглед дали се работи за носители на јавни овластувања, службени лица кои во даден момент , нормално се назначуваат од страна на власта. ако сакаме да се бориме против овие лоши појави кои го разјадуваат вкупното ткиво ние мораме да дефинираме и еднаш да си дефинираме сериозно независен орган како што Државната Комисијата за спречување на корупцијата. Мора првин финансиски да ги осамостоиме, само да не го користиме финансискиот притисок, односно политичкиот притисок за да можат да си ја работат работата согласни и Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување на судир на интереси. Навистина ни е потребно издигнување на надпартиските интереси  до   колку сакаме да се бориме против ова зло на денешницата. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам госпоѓо Бендевска, бидејќи повеќето од вашите забелешки беа упатени на Државната Комисијата за спречување на корупцијата односно на нејзината престедателка и давам збор на госпоѓа Мирјана Димовска, повелете.

**Мирјана Димовска:**

Јас ова не го сфаќам ова што беше како кон Мирјана Димовска, јас ќе се држам како член на Комисијата, јас ќе се држам сепак до законот, но еве веЌе се потребни некои дообјасненија во израз на нашите позитивни закони и конвеции до кио се држиме и на тоа што е практика од која што произлегува од таквите норми.

Имаше овдека околу Законот за службените лица. Државните службеници по барање на Сигма ги уфрливме и го разработивме бидејќи е факт дека институтот проблемот ни се појавува и треба да го третираме. Има исто така сугестија од истата институција да се однесува и на јавните службеници. Јас колку што знам ресорните органи се во фаза на подготовка на соодветен системски пропис за таа категорија сакајќи да и дадеме што побрза сугестија од сигма која што ни прави поен плус визави ова што го правиме како регулатива дека сме подготвени да ги прифаќаме сугестиите, ние со оваа формулација лица со посебни должности и овластувања всушност ги вклучуваме и јавните службеници. Ние не можеме овде да ги дефнираме на кого се однесува но се однесува на нив. Можеби, некој Ќе го сфати тоа како прешироко толкување. Не спорам дека може тоа и така да се сфати, но идејата е во тоа.

Следно е околу членот 5. мислам дека е добро да разбреме зошто ја правиме оваа норма. Ако службеното лице пред да дојде на функција како сопственик, истовремено си управувал своја фирма кога ќе стане функционер сопственоста како врвна уставно гарантирана вредност никој не смее да му ја спори. Управувачкото право го задолжуваме да го пренесе на лице на менаџер кој ќе работи за плата, а се ускратува можноста на детектираниот круг на луѓе кои му се нему блиски. Знаете, што дека функционерот нема да си ја раководи својата фирма, не треба да ја управува затоа што може да ги спои приватниот интерес од фирмата ви извршувањето на јавната функција да ги спои. Дали мислиме дека нему блиското лице од типот сопруга или дете нема да ја има истата опасност, стои дека законот ги дектира како круг на лица каде што вирее институтот. И затоа нормата е управувачкото право да се пренесе на стручни лице.

Трет коментар имаше околју судирот на интереси и министерот беше споменат. Јас само ќе кажам дека законите ако произведуваат определени правни последци не треба да очекуваме во примената на законот во Државната Комисијата за спречување на корупцијата или друго тело да го игнорира законот. Ако определена _______ така си е поставена во законот тој си функционира и како таков и Државната Комисијата за спречување на корупцијата и го применува и го почитува. Овластувањата или учеството на министер за правда во ордрени органи во правосудната сфера. Беше мала ми се чини нејаснотија околу мерките. Ние не твдиме дека опоменета требада биде јавна или обична.

Втората мерка има две паралелни во иста реченица барем кај нас е ставено, со посебни алинеи делува дека се три а всушност се две. Бидејќи имаме две глобални категории што ги третира овој закон избрани и именувани и втората државните како вработени лица. И заради тоа оваа одредба нашата беше јажав оставка бидејќи пример е на функцинерот, а оваа мерка дисциплинска постапка е усогласено со корпусот алатки со кој Законот за државни службеници за да одиме конзистетно во третирањето и во таа категорија со превземање на соодветна мерка која може да му продуцира во постапка тој системски закон, во постапка кое може да му продуцира на работно место мислам дека сме конзистентни во поглед на казнената одговорност. Затоа и гласи ова вака.

Ќе кажам нешто што треба да си ги разјасниме. Во постојниот Закон имаше една ограда во практиката која многу често се јавуваше како проблем. До колку Комисијата не констираше судир ние тоа не можевме тоа да го соопштиме. Но е факт додека трае постапката определено јавно пласирирање на името на тоа лице дека е во судир, лицето ги трпи јавните последици, постапката тече се собираат документи, се собираат факти. Тоа не дали нам ни се чини бидејќи верувајте приватниот интерес има релевантен карактер не бидејќи нам ни се чини дека е приватен интерес. Значи утврдуваме дека е факт и констараме дека нема судир, а човекот веЌе прилично време е во јавноста а ние имаме обрвска да му го штитиме јавниот интегритет од непотребно обвинување од незаконски ситуации. Ние не можевме тоа да го соппштиме без согласснот на лицето. Верувајте имавме конктретен пример. После две три недели откако во сите весници лицето беШе констатираме дека нашите предмети на законит начин можат да се видат, не е судир, не можеме да соопштиме. Му се јавуваме г-дине дали да го

соопштиме, рече ве молам доста ме изрезилија по весници остајте ме на раат. Остана да виси дека човекот има прекршено закон. Затоа обрнете внимание оваа норма  ние ја напишавме Државната Комисијата за спречување на корупцијата известува за предметите што ги има изработено. Дали имало или немало судир  дека  ________ транспаретност на вака генерално сопштување за  се и кога имало судир и кога немало и мислам дека не држи забелешка да се каже.

Беше речено  овде дека нема празник за Државната Комисијата за спречување на корупцијата. Знаете членот 23 вели: против одлуките со која на лицето  службено му се изрекува една од мерките службеното лице  може да  поведе постапка пред надлежен орган и суд, можеме да бидеме тужени и за констатација. Може да се бара оштета и во надлежно постпување. Мислам дека држи јавно да си бидеме чесни по одговор на прашањето која јавна функција подлежи под судска заштита на  овој начин заради примена на законот. Ние дури и се прашува и ако е уставен принцпи како тоа ќе изгледа во пракса. Државната Комисијата за спречување на корупцијата нема посебна адвокатска канцеларија ниту посебни пари ако констатира нешто во постпапка _________. Може да те тужи тоа е граѓанско право. Мислите дека не е ова доволна заштита.

Сакам уште ова од госпоѓата пратеник, околу конктретен предмет ние имавме за ________. Јас ова ќе го сфатам само како, еве си земам обврска да дадам директни информации околу постапувањето. И уште  околу службената позиција на претседателот. Јас инсиситирам секогаш да се води сметка дека претседателот на Државната Комисијата за спречување на корупцијата не во ништо поразличен од членовите на Државната Комисијата за спречување на корупцијата. Има една околност што таа е новинар и по одлука на членовите на Комисијата дека добро комунизира ______. Меѓутоа во овластувањата ни случајно и никогаш, нема кој и да е во право, многу сун децидна и остра и ако сакате сфатите, кога се ќе се припишува на престедателот.

08/1.- /ОМ

**Мирјана Димовска: (Продолжение)**

Претседателот е тој што ја организира работата на тимот, денеска се двајца цело време се во кондиција, целиот тим на Комисијата, знаете Собранието

кого избрало и кој се членува. Се работи за колективно тело. Овде немаме ли и ... пристап. Баш имаме таков каков што законот ни налага. А, што се однесува до Македонската радио телевизија, господинот пратеник кажа дека тое не и функција, се разбира дека не е функција. Но, дали може да биде доказ, освен во фактите други докази и не нудам. Постапувањето на Државната комисија во однос ... кривичната иницијатива кон еден од поранешните диркетори или кон членови на управни одобори сега на кои сега поради судир им е побарано да ја напуштат функцијата. Можете да го проверите. Таму, членот на Комисијата Мирјана Димовска се иззема, ги користи алатките што ни ги дава законот. Си ги решава тимот. И тука нема ништо спорно господине, а за сме подготвени да дадеме одговор само немојте да вадиме заклучоци кои се базираат нанесоодветни факти. Мислам дека дадов појаснение околу се што ни предизвика ... па се разбира јас се иземав таму, си работеа колеги си ја дадоа кај што треба, има начин како да се реши прашањето. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарма госпоѓо Димовска за вашето објаснување, јас се надевам дека ... членот 5 и членот 20 и 24 и верувам дека ...

**Весна Бендевска:**

Благодарам госпоѓо претседавач. Многу кратко. Сакам да разјасниме дилемите околу измената на членот 30. Дали е подобро постоечкото или ново понуденото решение, ама буквално поаѓајки од она што и вие го баравте, презумцијата на невиност. Досега Државната комисија беше должна при известувањето на јавноста да обезбеди заштита на личните податоци за служеното лице од злоупотреби, а особено за податоците за сдлужбеното лице кога одредена ситуација не претставувала судир на интереси. Тоа било до сега. Сега нудите вие вака. Државната комисија ја известува јавноста за случаи на судир на интереси по кои постапувала во согласност со закон. Јас сакам нависитна дебата квалитетна да имаме. Кое решение, досегашното или новото обезбедува поголема заштита во согласност со принципот на

презумција на невиност. Убедена сум дека старото. Значи се водело сметка за законот за заштита за лични податоци, особно каи случаите каи што и покрај пријава не е констатиран судир на интереси.

Вториот став вака сте го измениле - ако до сега податоците кои не преставуваат повреда на одредбите на законот не можат да се објават во јавноста без согласност на службеното лице на кое се однесувала пријавата, што по мене е коректно,било оректно решение во Законот. Сега Државната комисија е должна податоците до кои дошла при водење на постапката и по мене едно навистина стереотипно решение да ги чува од злоупотреби за дискриминирање или омаловажување на службеното лице. Убедена сум. Верувајте сега говорам само за материјална содржина, дека многу подобро беше постоечкото од новопонуденото. Благодарам.

**Мирјана Димовска.**

Ако дозволите само една реченица, госпоѓата пратеник вели - овој член во согласност со закон , а тоа е истото на што укажувате. Се мисли не на овој закон, во согласнсот со закон, тоа значи и Закон за заштита на лични податоци. Ние сме должни сиот режим од тој... и други што го штитат, личноста што ја штитат од постапките и злоупотреба во нив да ги примениме. И затоа оди таа општа норма. Во согласност со закон. Се мисли и на закон за заштита, јас се надевам дека на министерот не му го земам зборот, но водиме дебата, но тоа тоа значи, заложбата е вклучена.

**Силвана Бонева:**

Благодарам, а сега господинот Ацо Спасовски, од Стопанската комора на Република Македонија.

**Ацо Спасовски:**

Благодарам пред се на поканата и на можноста да иако имавме кратко време сепак наше мислење искажеме по текстот на овој закон.

За првото читање Стопанската комора на Македонија, не била консултирана, иако ние подолго време се обидуваме со Собранието да воспоставиме еден систем на комуникација за законските текстови кои се

однесуваат на стопанството. Меѓутоа, еве за пофалба е соработката со Националниот совет за евроинтеграции, и јас верувам еве во име на Стопанската комора на Македонија и понатаму таа соработка добро ќе се остварува.

Јас еве да пренесам мислење дека текстот на оваа содржина на Предлог законот би требало да оди во понатамошна фаза. Еве, според нас ќе кажам два предлози кои ќе бидат во функција да сепак содржината биде по образложена и попрецизна.

Прво, мислам дека во образложенијата би требало да има одредени податоци со соодветен опис за примената на постојниот Закон за овие две години. Првго, во делот дали имало такви случаи кај што се јавил судир на интереси, дали е постапувано, во колкав број, дали е тоа по пријави, самоиницијативно од Комисијата за спречување на корупцијата, по други начин, бидјеки мислам дека тие информации се од јавен карактер и ќе бидат во функција н а подобро разбирање и на суштината и целта на измените кон кои се пристапило од страна на Министерството за правда. Значи, мислам дека во наредната фаза добро би било и овие податоци како фактографија да бидат содржани во образложението. И во материјалниот дел на законот јас мислам и се сложувам, тоа е и наше мислење со дискусиите кои се однесуваа на членот 18, во врска со членувањето во управните одбори на службените лица, значи да не биде само за трговските друштва да се однесува и за другите јавни претприајтија, и не знам фондови, агенции кај се јавува номинирач или Владата или Собранието и мислам дека ќе има да речеме можност да се следи ситуацијата и во тој дел, и евентуално да се спречуваат можности за судир на интереси и во тој дел. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Ви благодариме господине Спасовски за вашите забелешки посебно на членот 18, за вклучување не само забрана за враќање во трговските

друштва, значи, забрани кои што се однесуват на управните и надзорните одбори на трговските друштва, туку и јавните претпријатија и фондовите овде да се вклучат.

Сега му давам збор на господинот Васко Шутаров, кој што е последен денес за дискусија.

**Васко Шутаров:**

Благодарам почитувана госпоѓо претседавач, господине министре, почитувани колеги, гости,

Јас си дозволувам да си земам за слобода да констатирам дека во најголем дел дискусијата е така да речам исцрпена, во најголем дел конструктивно и ми останува многу малку да додадам или одземам од тоа што претходните дискутанти ги кажаа. Во некои работи навистина можам да се сложам, за некои не можам и за тоа имам право. Кога зборуваме за судирот на интереси и корупцијата ... Државната комисија за спречување на корупцијата ќе каже судирот на интререси е вовед или ... корупцијата, но само по себе не е корупција. Корупцијата е општествена болест. И ако така не ја третираме како најсериозна општествена болст со многу длабоки корени, и ако ја третираме само на ниво на крвно сродство или кронизам на другарски врски, тоа е исто како да зборуваме за светската рецесија, а причината да ја гледаме во тоа ако Карла Бруни или Мишел Обама си го заборавиле пин годот на кредитната картичка. Буквално на тоа ниво или ако за светскиот грип дискутираме како причина да има заради тоа што некој јадел сладолет или пел газирана вода. Јас така го разбирам тоа.

09/1.- /ЛЈ

**Васко Шутаров: (Продолжение)**

И очекував денешната дискусија да се одвива ниво на дебата на дефинирање што е тоа интерес, што е тоа јавен интерес, што е тоа приватен интерес. Постојат неколку струи во Светското право за кое што денес претпоставував дека ќе дискутираме, тоа англосексонското и континенталното право кои што на различен начин го дефинираат

интересот. Според Блеклоу, речникот, правниот речник, интересот е право, побарување, титула, или правен удел во нешто. Но, постои една поширока дефиниција ова англосексонското право, во кој што вели дека интересот е недвижнина, имотно право, привилегија, овластување имунитет и на тоа слично.

Зборувајќи за интересот не можеме а да не го дефинираме јавниот интерес чиј што опфат да се сложам во најголем дел од претходните дискутанти, може да биде поцврсто одреден и полабаво одреден. Јас сум поборник на она поцврстото дефинирање на што е тоа јавен интерес и ќе кажам од кои причини.

Собранието е столб на заштита на јавниот интерес тоа е уставна одредба, и ние мораме да се грижиме за дефинирањето на она што е тоа јавен интерес. Повредите токму почнуваат од самата дефиниција и од опфатот на јавниот интерес.

Многу лесно можеме да се сложиме дали дефиницијата на ова ЦД што почитуваната претседателка на Антикорупциската ја искажа тоа е исто и дефиниција која ја користи и Светска банка, се вели дека е тоа дефиниција Боракова, или дефиницијата на Борак, дека злоупотребата на јавното овластување во приватната корист, елементарен принцип на судир на интереси, тоа го констатира или дефинира исто и Светската банка кое што ги анализира поголем дел на земјите кои што треба да им одреди одреден кредитен рејтинг или не.

Кога јавниот интерес опфатот ќе го дефинираме многу е полесно после тоа да се најдат причините или причинителите на кршењето на институтот јавен интерес. Постојат земји кои што имаат развиена доктрина на штитење на јавниот интерес и тоа е за секоја почит. Во САД тоа е принцип над сите принципи. И дел, мене ме радува што дел од таа доктрина за прв пат и отвараме врата и подотвараме врата во страниците на овој закон. Тоа навистина го сметам за посебна вредност на овој Предлог закон што го имаме пред нас.

Претседателката на Државнатат комисија за спречување на корупцијата и дел од претходните дискутанти, го начнаа делот на содржината на тоа што е цврсто дефинирање на јавниот интерес, не би сакал да навлегувам во таа материја, но имаме доволен простор, за време на краткиот годишен одмор, во пресрет на второто читање дали треба да подотвориме поцврста дефиниција на јавниот опфат, на јавниот интерес.

Во делот за изјавата аа интреси е нова содржина, нов институт за кои што имам нормално одредени  дилеми, за тоа што тоа парче хартија пред мене го нема. И не знам каква методологија ќе има во потпишувањето на тој образец Државната комисија.Тоа искуство е наложено од многу практични потреби, две земји членки на Европска унија, последните што влегоа, значи Романија и Бугарија имаат практични проблеми со корупцијата. Ние се критикуваме не знам колку можеме да се критикуваме, пред малку некој спомна дека кај нас дека сме шампиони, дека кај нас цвета или не знам што. Постојат релевантни меѓународни параметри во кои што тоа се мери. Тие мерила се субјективни, заради тоа што се на ниво на одредена перцепција на корупцијата во тие земји и Република Македонија тука напредува во позитивен правец и навистина сакам да не се злоупотреби таа констатација. Тоа е меѓународна призната констатација.

Значи Македонија на тој план стои веднаш зад Романија и Бугарија, членки на Европска унија кои што меѓу другото имаат и проблеми со корупцијата во своите земји и тоа Европската комисија го санционира, исто како што и нас не учи како да ги избегнеме тие замки на корупцијата.

Бугарија од ноември минатата година донесе закон, прв пат за дефинирање на собирот на интереси во кој закон стои дека сите службени лица, државна администрација, јавни функционери тн,. што е и наша дефиниција, мора да потпишат тростепена изјава. Значи таа тростепена изјава веќе се имплементира во законските содржини на нашиот источен сосед. Претпоставувам дека некакво искуство добро или лошо во примената на таа изјава, можеме да искористиме. Ние ја дефинираме таа изјава значи на почеток на службата, односно кога државниот службеник стапил на должност, кај нашиот источен сосед имаат и годишна, но инцидентна, ако се случи. Значи промените се сега ме потсетува претседателката и сметам дека зборам на памет, не ги знаеме, не ни се анализирани искуствата, но може да е тоа практично решение околу изјавата. Заради тоа што таа е најсилен инструмент со кој што ќе може да се операционализира оваа материја. И таа изјава не е за потценување, не е за фрлање, посебно заради тоа што и парламентите ние можеме колку сакаме да зборимe кој се се огрешува од тоа. Парламентот  е највrвна инстанца од кое што треба да почне дефинирањето на овој интерес. Многу земји во светот, освен тоа што ние почнавме да го правиме од пред некоја година со анкетниот лист, јавното објавување на нашите имотни параметри

во многу земји во светот, и тоа е за пофалба, постои веќе пријавување на економскиот, финансискиот или интересот воопшто. И тоа важат за многу напредни земји. Парламентарниве во светот, примерот на Чешка, Франција, Германија, Ирска, Полска, Шпанија, Шведска и Обединетото Кралство.

Значи пријавувањето на интересот под што се подразбира дека парламентарците треба да ги презентираат интересите пред да се впуштат во разгледување на одреден интерес. Јас знам дека тука многу колеги би се почувствувале многу неудобно во оваа категорија. Но и нашето, нашата слобода на неограничена на дискутирање по сите можни теми. Можеме понекогаш да си ја ограничиме, на тема во која што имаме наш одреден интерес, ако може секој друг во оваа земја. Такви правила на игра постојат во многу развиени парламенти. Ние можеме за се и сешто, пренабрегнувајќи го нашиот, освен имотниот и другиот интерес. И сметам дека дефинирањето на нештата на судир на интереси треба да ги почнеме баш од парламентот. Имаме доволен простор пред второто читање да размислиме на подобрување на перцепцијата и на овој план. Навистинан тоа го сметам за многу корисна работа.

Околу поклоните. Ја оправдувам потребата од тоа, поклоните освен законот за кој што ги третира во својство на службеното лице кога постапува тоа го одредува Законот за располагање со стварите на државните органи и сметам дека треба да остане само толку.

Многу развиени земји не оставаат простор ниту за поклон до 50 евра, ниту за поклон од 100 евра, заради тоа што тие поклони од 50 или 100 можат да се намножат и можат да бидат причина за многу други работи.

Значи дефинирањето на тоа што е поклон и во кои единствени услови може да се прима, навистина сметам дека треба да биде многу јасно и дека треба да престане да биде било каква пракса.

Во Чешка и Франција на пример поклони можат да се примат, но мора да се пријават и нивната вредност да се открие, во Германија не постојат ограничување, во САД постојат ограничувања и за службените патувања во вид на поклон, тоа се земји кои што си го дефинирале тој проблем, ние го дефинираме малку ригидно и сметам дека навистина така треба да постапиме за да ги елиминираме сите потенцијални проблеми на тој план. Тоа штона крај сакам да продискутирам, а и беше последен дел од дебатата што предмалку се разви околу дискрецијата и околу тоа колку оваа проблематика што е јавна и што е пречувствителна и пресензибилна, може

навистина да направи и голем и голема штета, а тоа е членот 24. Сметам дека оваа одредба е една од врвните и мора да се почитува во пракса, посебно членот 2 кој што сметам дека барем јас не му наоѓамнекоја поголема мана, но сметам дека треба да ја почитуваме сите и Државната комисија за спречување на корупцијата и ние кои што често знаеме да стигматизираме, врз основа на нашето дневно, табулоидно или политиканско однесување, сметајќи однапред дека некој е во судир на интереси, заради тоа што во некаква врска или релација со некој.

Државната комисија е должна до податоците до кои дошла при водење на постапка да ги чува од злоупотреба, за дискриминација или омаловажување на службеното лице.

**Васко Шутаров: (продолжение)**

Водејќи јавни дебати, учествувајќи во расправа, најмалку придонесуваме со ефемерното или маргиналното на овој план, спомнувајќи или апострофирајќи имиња и презимиња на кои што сметам дека во јавната дебата, барем во делот додека го донесеме овој значаен документ, сметам дека треба да се поштедиме и ние, јавноста од тоа, заради тоа што не му носи ништо добро или не оди во прилог на подобрувањето на овој закон.

И, уште еднаш ќе потенцирам. Имаме прогресивна законска материја, така сме оценети од сите релевантни институции на минатото прво читање собраниско, спомнав дека и една од организациите која што е понова, глобал интегрити, независна американска организација, многу високо не рангира посебно во делот на законодавството, антикорупциското законодавство, но и промената во пракса на инструментите кои што и СИГМА ги дефинирала дека треба да се доградат или пообјаснат и ние тоа го правиме. И, мојата дискусија токму во прилог на ова што предмалку го кажав. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Шутаров, посебно за она што недостасуваше на денешнава јавна расправа, тоа е и освртот на искуствата кои што треба да учиме. А, сега му давам збор на министерот за правда, господинот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:**

Благодарам почитувана потпретседате на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани дами и господа.

На сите ви благодарам на учеството во оваа расправа каде што мислам дека доста се доближија ставовите во врска со решението во законот, значи, добро е тоа што е сфатена суштината на измените во законот и нивната цел која треба да се постигне заради спречување на судирот на интереси кој што е во функција на спрежувањето на корупцијата. Мислам дека она што е значајно да се каже дека, се она што беше искажано од вас, ние во втората фаза во второто читање на законот уште еднаш ќе ги претресеме сите, би рекол, оние одредби каде што имаше одредени укажувања. Мислам дека повеќе се терминолошки, затоа што и во самиот член 3, значи, како се дефинира судирот на интереси, судирот, се подразбира судир на јавните овластувања или должности или судири на јавната должност, мислам дека тоа е едната иста работа, меѓутоа, во суштина очигледно е дека и термините и терминолошки и она што е суштински, мислам дека тука нема некоја голема разлика која што не би можела да се надмине и се разбира дека ние ќе водиме сметка и во амандманската расправа која ќе биде и амандманите што треба да бидат поднесени, дека ќе ги вградиме најдобрите решенија, бидејќи, сметам дека во целина овој закон доби и на ова расправа два и пол часа расправаме за една целосна поддршка. Ќе отфрлам, не би сакал да говорам за оние изјави што беа дадени, бидејќи мислам дека директно се сплотени со она што е суштината на овој закон, сега да се изнесува имиња на тие лица кои што членувале, во незнам волку или онолку управни одбори, тие се некои паушални изјави кои што не одат кон тоа да се заштитуваат личностите, а не смеат личностите едноставно така да се ставаат во една положба, а уште повеќе што не можат, не се во состојба да можат да одговорат. Затоа ја изменивме одредбата од членот 30 од законот каде што изричито --- дека Државната комисија е должна да ја известува јавноста за утврдените случаи на судири на интереси. Се разбира, притоа, мора да се води сметка строго за почитувањето на, би рекол на личните податоци за заштита на предумцијата на невиноста, затоа што не можете некое лице да го едноставно изнесете во јавноста, да кажете ете тоа е во судир на интереси и учествува во 5-10 или незнам колку управни одбори итн.. И, сето тоа да остане незабележано што директно е во спротивност со овој закон.

Втората работа, мислам дека треба да се има во предвид кога се говори за членувањето во управните одбори, значи, службеното лице, значи не може да биде член на управен одбор или надзорен одбор, во трговско друштво. Тоа, мислам дека никој не ја оспори таа одредба. Имаше забелешки околу втората одредба по исклучок. Вие знаете само да ве потсетам дека има закони и тоа повеќе закони што се донесени каде што говори дека во законот говори дека управниот одбор на таа агенција или на тоа друштво, или не знам на која институција, во управниот одбор е составен од претставници на министерот за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, итн., мислам дека тоа се одредби, материјални одредби содржани во посебните закони и затоа овдедка говориме ние по исклучок а не по правило каде што ги уредуваме работите на тој начин, водејќи сметка државните службеници, службените лица да не можат да бидат член ни на управен или надзорен одбор. И, мислам дека, јас барем така ги оценувам овие сите решенија кои што се содржани околу овластувањата на државната комисија по -----, некој се плаши дека ----- е многу голем, па сега дали законот ќе биде применлив или не применлив, не би го делел тоа мислење, заради тоа што главните сугестии на експертите и на она што значи оценската мисија се токму на тоа дека со Законот за спречување на судирот на интереси со измените да биде проширен ------ на лицата кои што го допираат законот и каде што требат внесени во законот заради тоа да се оневозможат состојби на појави на спречување на судири на интереси. Со еден збор, мислам дека е одлично тоа што ----- оваа расправа денеска, еве, два и пол па и три часа, темелно се расправаше, сето она што е како одредба, како укажување е добредојдено и мислам дека ние сме подготвени да го тоа уште еднаш прочитаме, да уште еднаш ги погледнеме одредбите од законот каде што треба да се интервенира и со амандманските --- интервенира. Но, мислам дека во целина на оваа јавна расправа покажа дека сме на добар пат да донесеме добар закон за измени и дополнувања на Законот за спречувањето на судирот на интереси. Благодарам.

Силвана Бонева:

Благодарам почитуван министре за вашето учество во денешнава јавна расправа, им благодарам на сите учесници кои што зедоа збор, на почитуваните колеги и членови на Националниот совет, во исто време на

Комисијата за спречување на корупција, на нејзините членови и претседателката, на Стопанската комора, на невладините организации.

Ви благодараме уште еднаш и се надеваме дека ваква јавна расправа во наредниов период ќе следи поврзани со реформите во правосудството, и се надевам дека ќе имаме истотолку добра расправа со конкретни заклучоци кои што можат да помогнат за подобрување на законските решенија. Уште еднаш искрена благодараност до сите вас.

10/1.- /ЕД